# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022

16.1.2024

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА ........ 2

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 4

РЕЗИМЕ ........ 6

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ........ 10

ВОВЕД ........ 11

1. КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА ........ 12

1.1 Посебна цел: Зајакнато среднорочно и секторско планирање заради остварување на приоритетите на Владата ........ 15

1.2 Посебна цел: Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни ........ 16

1.3 Посебна цел: Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ ........ 18

1.4 Посебна цел: Подобрен квалитет и достапност на статистички податоци за креирање на квалитетни политики ........ 19

2. ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 19

2.1 Посебна цел: Деполитизација на администрацијата преку зајакната примена на начелата на заслуги, еднакви можности и соодветна и правична застапеност и професионализација на високите раководни позиции ........ 23

2.2 Посебна цел: Изграден унифициран и кохерентен систем на плати за вработените во јавниот сектор ........ 24

2.3 Посебна цел: Воспоставен систем за професионален развој на службениците, спроведуван од Академијата за стручно усовршување на административни службеници ........ 25

3. ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ........ 26

3.1 Посебна цел: Развиена кохерентна институционална поставеност на органи на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт со јасно утврдени структури на отчетност ........ 29

3.2 Посебна цел: Воспоставени ефективни и ефикасни механизми кои обезбедуваат отчетност во органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт ........ 30

3.3 Посебна цел: Зајакнат интегритет на институциите ........ 30

3.4 Посебна цел: Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата ..................32
3.5 Посебна цел: Подобрена ефикасност на управните постапки и доследна примена на ЗОУП..........37
**4. ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА** ..................39
4.1 Посебна цел: Рационално инвестирање во развојот на дигиталната средина 43
4.2 Посебна цел: Зголемен квалитет и достапност до услугите ..................44
4.3 Посебна цел: Дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услуги ..................47
**ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АП НА СРЈА ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2022**..................49
ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2022..................4
Препораки..................15
КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ..................16
Подготовка на Стратегијата за РЈА (2023-2030) со Акциски план..................18

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АЗСПИЈК | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| АП | Акциски план |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГПВРСМ | Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија |
| ГС ВРСМ | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
| ДАРСМ | Државен архив на Република Северна Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ДМС | Национален систем за управување со документи |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ЕДП | Табели за државен долг |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| ЕСА | Европски систем на сметки (European System of Accounts –ESA) |
| ЕТУ | Една точка на услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗАС | Закон за административни службеници |
| ЗВЈС | Закон за вработените во јавниот сектор |
| ЗВРС | Закон за висока раководна служба |
| ЗОУП | Закон за општата управна постапка |
| ЗСПИЈК | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| ИКТ | Информациско-комуникациски технологии |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЈП | Јавни претпријатија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МП | Министерство за правда |
| МПСОЗ | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| НПАА | Национална програма за усвојување на европското законодавство |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОДУ | Органи на државна управа |
| ОСР | Оценка на спроведување на регулативата |
| ПВР | Проценка на влијание на регулативата |
| РЈА | Реформа на јавна администрација |

| | |
|---|---|
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| СЗ | Секретаријат за законодавство |
| СИГМА | Заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија (SIGMA - Support for Improvement in Governance and Management), |
| СРЈА | Стратегија за реформа на јавна администрација |
| УНОПС | Канцеларија за услуги на проекти на Обединетите нации (UNOPS: United Nations Office for Project Services) |
| УЧР | Управување со човечки ресурси |
| ЦУП | Центар за управување со промени |
| ПВР | Проценка на влијание на регулативата |
| ЗОРОДУ | Закон за организација и работа на органите на државната управа |
| ИСУЧР | Информациски систем за управување со човечки ресурси |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| ДБКИ | Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| DCAF | Женевски Центар за управување со безбедносниот сектор (Geneva Centre for Security Sector Governance) |
| НДИ | Национален демократски институт |
| ЗЗУ | Закон за заштита на укажувачи |
| ОДУ | Органи на државна управа |
| СРСМ | Собрание на Република Северна Македонија |
| МКД | Република Северна Македонија |
| НКБК | Национална канцеларија за бродбенд компетентност |
| ДАРСМ | Дигитална агенција на Република Северна Македонија |
| СЕН | Систем за електронска најава |
| ЕУПАН | Европска мрежа на јавни администрации (European Public Administration Network) |
| EIPA | Европскиот институт за јавна администрација (European Institute of Public Administration). |
| МИМ | Македонска информациска магистрала |

# РЕЗИМЕ

Петтиот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и постигнатите резултатити во периодот јануари – декември 2022 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите кои биле предвидени да започнат со реализација во 2022 година и активности кои започнале претходните години и продолжиле со реализацијата или биле завршени во 2022 година. **Од вкупно 31 активност** за која се известува во период јануари – декември 2022 година **целосно спроведени се 15** активности, **а доцнат со реализација 16 активности**. **За временската рамка за 2022 година степенот на реализација е 48%.**



# СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ




**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2:** ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ




**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3:** ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ




**ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4:** ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈА

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ИНСТИТУЦИИ НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ

| **Институција** | **Реализирани** | **Во тек** | **Доцнат** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| МИОА | 11 | / | 11 | 22 |
| АА | / | / | 1 | 1 |
| МТСП | / | / | 3 | 3 |
| АЗПСПИЈК | 2 | / | / | 2 |
| МТСП, МТВ | 1 | / | / | 1 |
| УВМК , ФЗОРСМ, МИОА | 1 | / | / | 1 |
| МИОА, КЗПВЕП | / | / | 1 | 1 |
| **Вкупно по статус** | 15 | / | 16 | 31 |

## КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

**Зајакната транспарентност на институциите и механизмите за достапност на информациите од јавен карактер**

| Индикатор | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| % на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите | 1,98 % | 5,14% |

**Воспоставени механизми за планирање, имплементација и мониторинг на принципите на отворени податоци и зајакнување на свеста кај граѓаните и бизнис заедницата**

| Индикатор | 2021 | 2022 |
|---|---|---|
| % на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт кои објавуваат документи според стандардите за “отворени податоци“ на платформата за отворени податоци | 53% | 57% |

# ПРОЦЕС НА ИЗВЕСТУВАЊЕ



# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ




Реформата на јавната администрација продолжува да биде еден од клучните приоритети во пристапното партнерство и важен предуслов во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија. Согласно новата Методологија за пристапни преговори, РЈА за првпат конкретно се дефинира како област која е опфатена со процесот и е дел од првиот Кластер „Основи“, кој е од суштинско значење за динамиката на преговорите во целина. Воспоставување на ефикасна државна и јавна администрација не само што е услов за влез во ЕУ, туку е и потребно пред се за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните преку воспоставување на стандардите на ЕУ.

Во таа насока Владата ја потврдува силната политичка посветеност на процесот на реформите на јавната администрација преку подготовка и на нова Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023 – 2030 со Акциски план каде што се утврдени приоритетни цели за обезбедување на деполитизирана, професионална и транспарентна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти. Остварувањето на овие цели ќе биде овозможено преку воспоставување на кохерентен систем на плати и реорганизирани и оптимизирани институции со зајакнат интегритет, како и финализирање на законските решенија како правна основа за преземањето на следните чекори.

За успешна имплементација на реформските активности, покрај МИОА како институција надлежна за водење на процесот на РЈА, потребно е вклучување и на сите засегнати страни, посебно граѓанскиот сектор и јакнење на интер институционалната соработка, се со цел да им се обезбедат квалитетни и брзи услуги на граѓаните и бизнис заедницата.

Спроведувањето на реформите беше во голем дел подржано од ЕУ и други билатерални и меѓународни донатори, како и со вклученост и тесна соработка со граѓанското општество, која се надевам ќе продолжи и во наредниот период.

# ВОВЕД

Петтиот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и АП и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2022 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите предвидени да започнат со реализација во 2022 година и активности кои започнале претходната година и се планирало да продолжат со реализација или да се финализираат во 2022 година. **Истовремено, овој извештај е изготвен согласно ревидираниот АП за 2019 година**.




Како и до сега, статусот на имплементација на активностите се прикажува на три нивоа. „Целосно спроведени“ активности се оние активности кои се реализирани во целост согласно предвидениот временски рок во АП. „Во тек на спроведување“ се активности чиешто спроведување започнало или се очекува да започне во предвидениот рок. „Доцни“ се однесува на активност чие спроведување го надминува предвидениот рок или активност чиешто спроведување воопшто не отпочнало во рокот планиран со АП. Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МИОА врз основа на информациите добиени од институцијата задолжена за спроведувањето на конкретната активност. Оценката може да претрпи измени по анализата на МИОА и спроведените дискусии со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

Овој Извештај вклучува и податоци/преглед на состојбата на имплементацијата на Акцискиот план од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018 година) до крајот на овој извештаен период (декември 2022 година) заради обезбедување на целосен приказ на досегашната имплементација. Дополнително, покрај трите нивоа на спроведување, во овој дел се дава преглед на активностите од претходните годишни извештаи кај кои постои напредок во имплементацијата во овој извештаен период, како и активности кои се целосно реализирани подоцна од предвидениот краен рок во АП, во сите четири приоритетни области.



# 1. КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

| ОПШТА ЦЕЛ |
|---|
| ЕФЕКТИВНО, ЕФИКАСНО И ИНКЛУЗИВНО КРЕИРАНИ ПОЛИТИКИ |

Во рамките на оваа приоритетна област во 2022 година продолжи имплементацијата на активностите кои доцнеа со реализација насочени кон подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно секторско и годишно планирање во органите на државна управа, унапредување на квалитетот на ПВР и законодавниот процес, воведување на механизми за градење на аналитичка основа, како и зајакнување на капацитетите на ДЗС за подготвување на макроекеономски и секторски статистики. Напредокот во постигнувањето на општата и посебните цели во оваа приоритетна област се мери преку индикатор за процентот на инклузивно креирани политики усогласени со приоритетите и целите на долгорочните плански документи при што зголемен е процентот на нацрт-стратешките планови изработени во согласност со **правната рамка за стратешко планирање.**

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ**

| | Посебна цел 1.1 | Посебна цел 1.2 | Посебна цел 1.3 | Посебна цел 1.4 |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани | / | / | / | / |
| Во тек | / | / | / | / |
| Доцнат | / | / | / | / |

| Индикатор на ниво на општа цел | Основна вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на инклузивно креирани политики усогласени со приоритетите и целите на долгорочните плански документи | 48,74 % | Нема податок | 60 % | 60 % | 70-80% | 76% |
| Индикатор на ниво на посебни цели | Измерена вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на имплементација на клучните владини плански документи | 50% | 97,36% | 79% | 76% | 100% | 76% |
| % на закони кои се изменети и дополнети една година по усвојување од страна на ВРСМ | 25,3% | 20,6% | 31,4% | 23% | 10-15% | 11,6% |
| Вкупен број на точки на дневен ред на седниците на ВРСМ | Вкупно 3952 Просек 58 | Вкупно 5028 Просек 83,8 | Вкупно 4228 Просек 35,8% | Вкупно 5097 Просек 53,65% | 3.350 - 3.250 | Вкупно 4084 Просек 34,03% |
| % на политики кои во процесот на подготовка користат статистички податоци добиени од Државниот завод за статистика | Овој индикатор не може да се измери и ќе биде соодветно ревидиран | | | | | |
| Индикатори на ниво на мерки | Измерена вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
| Степен на воспоставеност на механизам за поврзување на среднорочното со долгорочното планирање | 2 | 2 | 3 | 3 | 5 | 5 |
| Степен на подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи на државната управа | 1 | 2 | 2 | 2 | 5 | 4 |
| % на нацрт Извештаи за ПВР кои ги исполнуваат минимум критериумите во однос на процедурата и транспарентноста на процесот на ПВР | 68% | 75% | 74 % | 56% | 85% | 68% |
| % на органи на државна управа кај кои е започната имплементацијата на Системот за прибирање, обработка, чување и | / | 87,8% | 100% | 88% | 97% | 70,73% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| користење на податоците | | | | | | |
| Број на раководители и вработени во органите на државна управа кои посетиле обуки за следење, известување и оценување | 7 работилници 198 службеници | 9 работилниц и 251 службениц и | /[1] | /[2] | Континуира но и во зависност од потребите на органите на државна управа | 2 работилниц и 65 учесници |
| Број на годишни извештаи на органите на државна управа доставени до ВРМ и достапни за јавноста | / | 97,36% | / | Нема податок | / | 6 извештаи за спроведува ње на стратегии, акциски планови или програми |
| % на нацрт Извештаи за ПВР и нацрт закони објавени на ЕНЕР за кои е запазена процедурата за навремено објавување | 93% | 95% | 81% | 50% | 97% | 68% |
| % на поднесени акти до ГС ВРСМ кои се вратени на доработка кај соодветниот орган на државна управа | 2,7% | 5,76% | 2,5% | 2,08% | 5,01-6% | 2,97% |
| Број на неконзистентности во планираните активности помеѓу клучните плански документи на ВРСМ (Годишен план за работа, НПАА, ЕПР-Економска програма за развој) | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| % на поднесени акти до ГС ВРСМ за седница на ВРСМ кои се вратени во министерствата на одлучување | 11,25% | 0,33% | 6,20% | 6,93% | 16,01-17% | 7,93% |

[1] Во 2020 не беа побарани и организирани обуки
[2] Во 2021 не беа побарани и организирани обуки

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на доставени акти до Собранието согласно законодавната агенда | / | 33,64% | /[3] | 15% | 46-50% | 18,5% |
| % на индикатори усогласени со ЕСА 2010 | 40% | 44% | 44% | 44% | 45% | 44% |
| % на индикатори усогласени со стандардите на ЕУРОСТАТ во однос на базните статистики | 67,10% | Нема податок | 67% | 65,30% | 67% | /[4] |

## 1.1 Посебна цел: Зајакнато среднорочно и секторско планирање заради остварување на приоритетите на Владата

**КЛУЧЕН РЕЗУЛТАТ**

- Усвоени Методологијата за начинот на подготовка, следење на спроведувањето, евалуација и известување за секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

ГС на ВРСМ континуирано продолжи да работи на имплементација на мерките за јакнење на капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање, како и за следење, известување и оценување на политиките. По финализирање на текстовите на Методологијата за начинот на подготовка, следење на спроведувањето, евалуација и известување за секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии од страна на ГС, истите се усвоени од Владата на 48. седница одржана на 25.5.2022 и објавени во „Службен весник на РСМ" бр.122/22. Новините од Методологијата за начинот на подготовување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, се промовираа на работилница „Обезбедување на ефективна имплементација на новото

[3] Поради распуштање на Собранието на РСМ и предвремените парламентарни избори во јули 2020 година, ВРСМ не достави Законодавна агенда до СРСМ за 2020 година.
[4] За 2022 година се уште не е завршено оценувањето од страна на Евростат, па откако ќе се добие извештајот во текот на 2023 година, ќе може да се пресмета индикаторот.

Упатство и Методологија за секторски стратегии“ што Генералниот секретаријат ја организираше на 7-8 јули 2022 со поддршка од СИГМА на која учесниците добија насоки во врска со процесот на креирањето на секторските стратегии, следењето на спроведувањето, оценувањето и известувањето.

Напредокот на оваа посебна цел се мери преку индикатор за имплементацијата на клучните владини плански документи, каде процентот од претходната година останува ист (76%), односно поставениот таргет од 100% за 2022 година не е постигнат. Имено, од вкупно 38 институции кои имаат обврска да ги доставуваат нацрт-стратешките планови (2022 – 2024) до ГС ВРСМ, 9 институции не доставиле. **Истовремено, доставените нацрт-стратешки планови се во согласност со правната рамка за стратешко планирање.**

## 1.2 Посебна цел: Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни

КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

- Зајакнати техничките капацитети на Секторот за подготовка на Националната верзија на acquis
- 8.539 преведени страници од acquis
- 719 преведени страници за потребите на процесот на скрининг
- Зајакнати капацитетите на 25 практичарите кои редовно се занимаваат со подготовка на закони и извештаи за ПВР.

Рамковна спогодба за преведувачки услуги се потпиша во јули 2022 година за период од една година или до исцрпување на средствата.[5] Истовремено, преку проектот „Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија“ финансиран од Амбасадата на Кралството Норвешка (АКН) и Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (СИДА) спроведуван од Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС) е обезбеден превод на правото на ЕУ (acquis), националното законодавство и други документи од важност за процесот на европската интеграција[6] и набавен е софтвер за превод СДЛ Традос и софтвер за терминологија СДЛ МУлтиТерм верзија 2022.

---

[5] СЕП склучи спогодба со седум преведувачки агенции. и за III и IV квартал бројот на преведени, јазично ревидирани и лекторирани страници од acquis е 10.047 страници. Од изведбата на внатрешните ресурси, бројот на преведени и јазично ревидирани страници е 2.621 страница.

[6] За 2022 година вкупно преведени, јазично ревидирани и лекторирани страници се 8.539 страници од acquis, а за потребите на процесот на скрининг беа преведени 719 страници од националното

Годишната програма за работа на Владата и за 2022 година е подготвена со примена на Електронскиот систем за стратешко планирање на Владата.[7] Имено, во текот на 2022 година, **забележливо е намалување од околу 17% на ОДУ кои го користат електронскиот систем, односно, од 88% во 2021 година на 70,73% во 2022 година. Оттука, произлегува дека** од 41 институција кои имаат корисничка улога во Електронскиот систем, 12 институции не го користеле системот за подготовка на Програмата за работа на Владата за 2022 година, односно немале предлози на акти и материјали (иницијативи) во Програмата за 2022 година.

Согласно податоците од Годишниот извештај за ПВР за 2022 година, 25 нацрт Извештаи за ПВР биле објавени на ЕНЕР од кои за 17 се исполнети минимум критериумите во однос на процедурата и транспарентноста во процесот на ПВР или 68%.

Во делот на унапредување на квалитетот на процесот на ПВР, МИОА ја продолжи соработката со СИГМА во однос на подобрување на содржината на Извештајот за ПВР. Во текот на месец март 2022 година се одржа тркалезна маса на тема „Прилагодување на постојната Методологија за проценка на влијанието на регулативата и подобрување на целокупното функционирање на системот за проценка на влијанието на регулативата". Дополнително, како одговор на потребата од континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници во министерствата во соработка со СИГМА, во периодот 10-11 мај 2022 година се спроведе дводневна работилница на тема „Подготвување ефективен извештај за ПВР" на која учество земаа 25 претставници од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за информатичко општество и администрација и Управата за извршување на санкциите - практичари кои редовно се занимаваат со подготовка на закони и извештаи за ПВР.

Министерството за информатичко општество и администрација континуирано се грижи за успешно управување и унапредување на процесот на ПВР. Тековно, по барање на министерствата се даваат информации и насоки во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР.

---

законодавство и други документи од важност за процесот. Вкупен број преведени страници од правото на ЕУ (acquis) за 2022 година е 22.348.

[7] воведен во октомври 2019 година како дел од системот е-влада.

## 1.3 Посебна цел: Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ

| КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ |
| --- |
| • Континуирано подобрување на процесот на децентрализација во одлучувањето. |

Напредокот на оваа посебна цел се мери преку индикаторот за ефикасноста на процесот на одлучување на ВРСМ. Имено, во 2021 се одржале 95 седници со вкупно 5097 точки на дневен ред или во просек 53,65 точки на дневен ред на една седница на ВРСМ. Од друга страна, во **2022 година, се одржале вкупно 120 седници со 4084 точки на дневен ред или во просек по 34,03 точки на дневен ред на една седница (дополнително во Прашања и предлози се разгледани вкупно 291 материјал и донесени се 126 заклучоци без материјали -усна расправа).** Истовремено, **се забележува и незначително зголемување на поднесените акти до ГС за седница на ВРСМ, кои се вратени во министерствата на одлучување, односно од 6,93% во 2021 година на** 7,93% **во 2022 година.** Од вкупно **4375 материјали** што се разгледани од Владата, **130 се вратени на предлагачот заради докомплетирање, усогласување, постапување или по барање на самиот предлагач, а 347 материјали се пратени на надлежност** до соодветните институции и е добиен одговор вон седница, односно, процентот на поднесени акти до ГС кои се вратени на доработка кај соодветниот орган на државна управа, **од 2,08% во 2021 година се зголеми на 2,97% во 2022 година**.

Во однос на Индикаторот со кој се мери степенот на реализацијата на законодавната агенда на Владата[8], во 2022 година од вкупно предвидените 157 предлози на закони во Законодавната агенда 29 или 18,5% се утврдени од Владата и доставени до Собранието. Вкупниот број на предлози на закони утврдени од Владата во 2022 година е 96. Иако, има подобрување на степенот на реализацијата на законодавната агенда на Владата, сепак предвидениот таргет (46-50%) за 2022 година не е постигнат.

Со цел подигнување на свеста и капацитетите на државните секретари за нивната улога, како и разменување на искуства и споделување на најдобра пракса, Генералниот секретаријат со поддршка на СИГМА на 6.7.2022 година организираше

[8] колкав процент од планираните акти во законодавната агенда Владата ги доставува до Собранието во текот на една календарска година

Дијалог на високо ниво со државните секретари на тема „Подобрување на планирањето и координацијата на политиките во Република Северна Македонија“.

### 1.4 Посебна цел: Подобрен квалитет и достапност на статистички податоци за креирање на квалитетни политики

Во рамките на оваа посебна цел, континуирано се имплементираа активностите насочени кон зајакнување на капацитетите на ДЗС за производство на макроекеономски статистики.

За прв пат е направена квартална пресметка на податоците за секторот држава за периодот 2017-2018 на експериментална основа. Во извештајниот период активно се работеше на подготовка на Меморандум за соработка на полето на ГФС (статистика на владините финансии) и ЕДП статистиките помеѓу ДЗС, НБРСМ и МФ. Направена е нацрт верзија за која се чека одобрување и коментари од трите институции. ДЗС исто така, започна и со редовна трансмисија до Евростат на ЕСА табелите 0200, 0900 и Националната листа на даноци.

| КЛУЧЕН РЕЗУЛТАТ |
| --- |
| • Направена квартална пресметка на податоците за секторот држава<br>• Објавени податоци од Пописот на населението, домаќинствата и становите 2021. |

Во однос на статистиката на животна средина направен е значителен напредок во доменот на компилацијата на сметките за физички и материјални текови, како и во статистиката на отпад. Исто така, во завршна фаза е компилацијата на сметките за физички текови на енергијата (PEFA accounts). Воедно, успешно е спроведен Пробниот попис на земјоделство кој е целосно усогласен со европската ИФС регулатива бр. 2018/1091.

Согласно Законот за попис, ДЗС го објави првиот сет на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите 2021 на 30.03.2022 година. Сукцесивно, согласно планираната динамика, останатите податоци се објавија до крајот на 2022 година во Макстат базата.[9]

## 2. ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| ОПШТА ЦЕЛ |
| --- |
| СТРУЧНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ДЕПАРТИЗИРАНА АДМИНИСТРАЦИЈА |

Мерките и активностите за **подобрување на законската рамка за јавната администрација, посебно зајакнувањето на**

[9] https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__Naselenie

**професионалноста на администрацијата и воспоставувањето на висока раководна служба не се реализираа од причина што не се донесе предвидената законска регулатива.** Недонесувањето на регулативата предизвика одложување на спроведувањето на мерките и активностите во рамките на оваа приоритетна област.

За мерење на напредокот на општата цел во оваа приоритетна област се користи меѓународниот индикатор на Светска банка, Индекс на ефективност на Владите (Government effectiveness index[10]). Имено, овој индикатор за 2022 година не може да се прикаже од причина што Светска банка сè уште го нема објавено Извештајот за 2022 година[11].

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ

| | Посебна цел 2.1 | Посебна цел 2.2 | Посебна цел 2.3 |
|---|---|---|---|
| Реализирани | 0 | 0 | 2 |
| Во тек | 0 | 0 | 0 |
| Доцнат | 1 | 3 | 2 |

| Индикатор на ниво на општа цел | Основна вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индикатор на Светска Банка за добро владеење – Индикаторот Ефективност на владата, оценка за земјата на годишно ниво | 60,58 | 52,40 | 55,28 | 50 | 60.01-61 | / |
| **Индикатори на ниво на посебни цели** | **Измерена вредност (2017)** | **Измерена вредност (2019)** | **Измерена вредност (2020)** | **Измерена вредност (2021)** | **Целна вредност (2022)** | **Измерена вредност (2022)** |
| % на жалби и приговори поднесени од кандидатите на донесените одлуки за вработување/унапреду вање | 2,2% | 0,56% | 1% | 0.5% | 1% | 0,66% |
| % на институции од јавниот сектор кои се | Овој индикатор не можеше да се измери поради преголемата фрагментираност на актуелниот систем за плати и ќе биде соодветно ревидиран | | | | | |

[10] https://info.worldbank.org/governance/wgi/Home/Reports

[11] Согласно Извештајот на Светска банка, индикаторот за ефективност на ВРСМ покажува благ пад од 5,28% односно од 55,28 во 2020 година на 50 во 2021 година. Притоа, имајќи предвид дека овој индикатор се мери преку рангирање на скала од 0 до 100, повисокото место во скалата упатува на подобри резултати.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дел од унифицираниот систем на плати | | | | | | |
| % на административни службеници кои посетиле минимум една обука врз основа на нивните потреби | Овој индикаторот ќе биде измерен по вопоставувањето на Акдемијата за обука и развој на административни службеници | | | | | |
| Индикатори на ниво на мерки | Измерена вредност (2017) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
| Степен на унапредување на критериумите и транспарентноста во постапките за вработување и унапредување на административни службеници | / | 0 | [Степен 1 и 2] 1 | / | / | Нема информации за појдовни вредности на индикаторот бидејќи не постои законска обврска за водење на поединечни извештаи за секоја поединечна постапка на вработување/унапредување |
| Степен на професионализација на ВРС | / | 0 | [Степен 1 и 2] 2 | / | / | / |
| Просечен број на пријавени компетентни кандидати за едно слободно работно место | 0,7 | 2,67 | 4,3 | 3,23 | Помеѓу 4 и 6 | 3,14 |
| % на раководители на сектори/одделенија кои учествувале на обука за новините во постапките при вработување и унапредување | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на членови на Мрежата за УЧР кои се задоволни од поддршката која ја добиваат преку Мрежата на годишно ниво | Нема податоци за овој индикатор[12] | | | | | |
| Број на административни службеници кои не добиле највисока оценка | / | 84, 28% | 83,63% | 67,39% | 95% | 81,98% |
| % на вработени административни службеници врз основа на начелото за соодветна и правична застапеност споредено со годишниот план за вработување по овој основ | 2 полугодие 19,19% | 1 полугодие 18,84% 2 полугодие 40,27% | 1 полугодие 22,47% 2 полугодие 25,12% | 1 полугодие 21,08% 2 полугодие 22,55% | > реализацијата за 2021 | 1 полугодие 12.93% 2 полугодие 26,73% |
| % на институции во кои ги реализирале годишните планови за вработување во целост | 1 полугодие 3,30% 2 полугодие 8,27% | 1 полугодие 4,72% 2 полугодие 9,56% | 1 полугодие 1,02% 2 полугодие 2,11% | 1 полугодие 2,01% 2 полугодие 2,49% | > реализацијата за 2021 | 1 полугодие 1,52% 2 полугодие 2,93% |
| % на институции од јавниот сектор кои се опфатени со Законот за плати на буџетски корисници | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка | | | | | |
| Број на институции од јавниот сектор со усвоени модели за плати, согласно Насоките | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка | | | | | |
| % на усогласени Колективни договори | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка | | | | | |
| Степен на спроведување на дефинирање на Статусот на Академијата за стручно усовршување | / | 0 | [Степен 1,2,3] 2 | Овој индикатор ќе се мери за прв пат во донесување на новиот ЗАС | | |
| % на обучени административни | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка | | | | | |

[12] Мрежата за управување со човечки ресурси е пуштена во работен опсег кон крајот на првата половина од 2020 и не се спроведе анкета за задоволство на корисниците.

| | |
|---|---|
| службеници на високи раководни позиции во однос на вкупниот број на административни службеници на високи позиции | |
| Просечен број на тематски обуки по административен службеник на годишно ниво | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка |
| % на корисници на техничките платформи за е-учење кои се задоволни од содржината на платформите | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка |
| % на генерички обуки спроведени од јавно избрани компетентни обучувачи | Овој индикатор ќе започне да се мери штом започне спроведувањето на активностите од оваа мерка |

## 2.1 Посебна цел: Деполитизација на администрацијата преку зајакната примена на начелата на заслуги, еднакви можности и соодветна и правична застапеност и професионализација на високите раководни позиции

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- нови нацрт верзии на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници објавени на ЕНЕР.

Во текот на 2022 година продолжија активностите од оваа посебна цел за унапредување на законската рамка за администрацијата. После добиените коментари на ЕНЕР, со поддршка на Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, во мај се организираше четиридневна работилница за финализирање на предлог - Законот за административни службеници (ЗАС), предлог – Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) и предлог - Законот за висока раководна служба (ЗВРС). На работилницата присуствуваа претставници од МИОА, МФ, КПВРСМ, МПСОЗ, СЗ, АА, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Синдикатот на УПОЗ, претставник од опозиција, претставник од СИГМА и локален и меѓународен експерт ангажирани од СИГМА. Министерството за информатичко општество и администрација, во септември на платформата ЕНЕР ги објави новите нацрт верзии на Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

Во октомври се одржа јавна расправа на која присуствуваа претставници од министерствата, други органи на државна управа, државни органи, единици на локална самоуправа, Синдикат на УПОЗ, опозиција, Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје, Делегацијата на ЕУ во Скопје, граѓански организации, Народен правобранител, судски совет, опозиција и други. МИОА изработи финална верзија на овие законски решенија и истите ќе бидат доставени до Влада на утврдување во јануари 2023 година.

Измерената вредност на индикаторот: % на жалби и приговори поднесени од кандидатите на донесените одлуки за вработување/унапредување е пониска од таргет вредноста и истото се должи на транспарентоста и законитоста на постапката за селекција за вработување. Имено, вредноста на овој индикатор **за 2022 година е 0,66%**[13]**.**

### 2.2 Посебна цел: Изграден унифициран и кохерентен систем на плати за вработените во јавниот сектор

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- започнат процесот за подготовка на Предлог на Закон за системот на плати во јавниот сектор.

Во рамките на оваа посебна цел во текот на 2022 година започнаа со реализација предвидените активности за подготвување на регулатива за новиот систем на плати. Владата на Република Северна Македонија со заклучок ги задолжи МИОА, МТСП МФ и ГС на ВРСМ[14] да започнат со подготовка на предлог на Закон за плати во јавниот сектор. Заради унифицираност на пристапот и целосно исполнување на активностите од Стратегијата за реформа на јавна администрација и задолжението од страна на Владата на РСМ формирана е меѓусекторска работна група составена од раководни административни службеници од горенаведените институции. При изработката на концептот за плати и нацрт законот одржани беа 7 состаноци на работната група, како и 4 состаноци со претставници на СИГМА. Кон крајот на годината, на ЕНЕР[15] беше објавено известување

[13] Согласно податоците од Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2022 година, во текот на годината на јавните огласи се пријавиле вкупно 16237 кандидати, додека на интерните огласи се пријавиле вкупно 1119 кандидати, или на сите огласи (интерни и јавни) се пријавиле вкупно 17356 кандидати. По завршување на постапките по јавен оглас биле поднесени 97 жалби, додека по завршување на постапките за унапредување биле поднесени 17 жалби, или вкупно по одлуки по јавен и интерен оглас биле поднесени вкупно 114 жалби.

[14] Согласно точка 3. од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година

[15] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=77498

за почеток на процесот за подготовка на Предлог на закон за системот на плати во јавниот сектор. Изработена е нацрт верзија на ова законско решение и истото ќе биде објавено на ЕНЕР во јануари 2023 година.

### 2.3 Посебна цел: Воспоставен систем за професионален развој на службениците, спроведуван од Академијата за стручно усовршување на административни службеници

Активностите од оваа посебна цел кои се однесуваат на стручното усовршување и формирање на Академија за стручно усовршување на административни службеници како посебна институција за обука, не се реализираа до крајот на 2022 година бидејќи не се донесе соодветната законска регулатива.

| КЛУЧЕН РЕЗУЛТАТ |
| --- |
| • Модернизирана електронската платформа за е-учење и развиени 3 нови тематски обуки. |

Во извештајниот период се работеше на модернизирање на изгледот на платформата за е-учење (ЛМС), како и на веб страната e-obuki.mioa.gov.mk[16], а истовремено се прикачени и три нови тематски обуки (Интеркултурализам, Еднаквост и недискриминација и Сајбер безбедност). Во месец декември во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), а во рамки на проектот „Добро управување со сајбер безбедноста во Западен Балкан“, на страната e-obuki.mioa.gov.mk поставени се: Прирачник за безбедност на интернет[17], Прирачник за сајбер закани[18] и обука за Сајбер хигиена[19] (основно ниво) на македонски, албански и англиски јазик.

---

16 https://e-obuki.mioa.gov.mk/

17 https://e-obuki.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Guidebook-on-Staying-Safe-Online-Cyber-Hygiene-PI-and-SMEs-mkd.pdf

18 https://e-obuki.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Guidebook-on-CyberThreats-mkd.pdf

19 https://e-obuki.mioa.gov.mk/%d0%9f%d0%9e%d0%9a%d0%90%d0%9d%d0%90-%d0%97%d0%90-%d0%a3%d0%a7%d0%95%d0%a1%d0%a2%d0%92%d0%9e-%d0%9d%d0%90-%d0%91%d0%95%d0%a1%d0%9f%d0%9b%d0%90%d0%a2%d0%9d%d0%90-%d0%9e%d0%9d%d0%9b%d0%98%d0%9d%d0%95/

# 3. ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| ОПШТА ЦЕЛ |
| --- |
| ОДГОВОРНО, ОТЧЕТНО И ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ |

Во рамки на оваа приоритетна област во текот на 2022 година во фокусот на реализација беше започнувањето на пилот фазата на процесот на реорганизација во три министерски системи, како и имплементацијата на Политиките за интегритет на централно и локално ниво. За мерење на напредокот на оваа посебна цел се користи меѓународен индикатор - оценката на СИГМА за принципот *отчетност*. Согласно извештајот на СИГМА за 2021 година, РСМ покажува напредок споредено со 2017 година во областа на отчетноста и е со просечна вредност на индикаторот од 3,2 кој е блиску до регионалниот просек кој изнесува 3,4. Сепак, сѐ уште се потребни реформи во оваа област.[20]

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ

| | Посебна цел 3.1 | Посебна цел 3.2 | Посебна цел 3.3 | Посебна цел 3.4 | Посебна цел 3.5 |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Реализирани | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Доцнат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Индикатори на ниво на посебни цели | Измерена вредност (2017) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| % на идентификувани органи на државна управа (ОДУ), агенции и инспекциски служби од централна власт чии надлежности се преклопуваат и/или имаат нејасни линии на одговорност | 76%[21] | 75%[22] | 76% | 76%[23] | 20% | 76% |

[20] https://www.sigmaweb.org/publications/Monitoring-Report-2021-Republic-of-North-Macedonia.pdf

[21] Овој процент се однесува само на инспекциските служби, согласно спродведената хоризонтална функционална анализа на инспекциските служби

[22] Овој процент е добиен врз основа интерна анализа која ја спроведе МИОА, а се однесува на ОДУ, агенции и инспекциски служби од централна власт.

[23] исто

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на органи на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт кои го завршиле процесот на внатрешна реорганизација | / | 37 институции или 28 % | / | 53[24] институции или 39,5 % | / | / |
| % на граѓани кои имаат доверба во јавната администрација (резултати од истражувањето Евробарометар на Европската комисија кој се спроведува два пати годишно) | 36% | 36% | Нема податоци за 2020[25] | 35%-37 % | Нема податоци за 2021[26] | Нема податоци за 2022[27] |
| % на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите | 4,4% | 2,5% | 4,6% | 1,98% | 2-3% | 5,14% |
| % на управни постапки за кои е донесена одлука во прв степен, во рамки на законски пропишаниот рок | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| Индикатори на ниво на мерки | Измерена вредност (2017) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
| Степен на спроведување на процесот на реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт | / | 1 | /[28] | /[29] | | /[30] |

[24] Од вкупно 134 институции

[25] Во истражувањето на Евробарометар за прашањето за процент на доверба на граѓаните во јавната администрација, Република Северна Македонија не е вклучена.

[26] Во истражувањето на Евробарометар за прашањето за процент на доверба на граѓаните во јавната администрација, Република Северна Македонија не е вклучена.

[27] Во истражувањето на Евробарометар за прашањето за процент на доверба на граѓаните во јавната администрација, Република Северна Македонија не е вклучена.

[28] Целната вредност за 2020 не е целосно постигната, поради фактот што е спроведена хоризонталната функционалната анализа, а не се изготвени препораките.

[29] Целната вредност за 2021 не е целосно постигната, поради фактот што е спроведена хоризонталната функционалната анализа, а не се изготвени препораките.

[30] Целната вредност за 2022 не е целосно постигната, поради фактот што е спроведена хоризонталната функционалната анализа, а не се изготвени препораките.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на органи на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт кои имаат усвоени политики на интегритет и етика | 0,78% | 0,78% | Само 1 институција има усвоено политика на интегритет | избрани се 5 институции кои ќе го воведат системот на интегритет како пилот институции | 51-100% | 10% |
| Број на поднесени пријави од лица кои се стекнале со статус на укажувачи | 2 | 19 | 6 | 9[31] | 12-14 | 10[32] |
| % на институции кои на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат документите кои се обврзани да ги објавуваат и ажурираат согласно законски прописи[33] | 70% | 68% | 54,50% | 86,03% | 82-85% | 62,3% |
| % на решенија на АЗПСПИЈК во однос на пристап до информации од јавен карактер кои се спроведени од страна на институциите[34] | За овој индкатор нема воспоставен таргет бидејќи за прв пат се мери во 2020 година согласно новиот ЗСПИЈК | | 2,6% | 90,8% | / | 92,7% |
| % на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт кои објавуваат документи според стандардите за "отворени податоци" на платформата за отворени податоци | 33% | 39% | 44% | 53% | 46-50% | 57% |
| % на имплементирани препораки кои произлегуваат од Анализата за првична примена на ЗОУП | 19% | 50% | 50% | 50% | 86-100% | 50% |
| % на институции од јавниот сектор кои воспоставиле и | 13% | 22% | 27% | 30% | 36-40% | 30% |

[31] Во текот на 2021 година примени се 9 пријави од укажувачи. Од примените, 2 предмети се решение, а во 7 предмети, постапувањето е се уште во тек.

[32] До крајот на 2022 година, 2 предмети се решени, а останатите 8 отворени од ДКСК се во постапка.

[33] Во 2021 год, овој индикатор е согласно член 10 од ЗСПИЈК.

[34] Овој процент се однесува на 1440 иматели

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| екипирале организациски облици за одлучување во управна постапка | | | | | | |
| % институции кои имаат обучени вработени за спроведување и примена на ЗОУП | / | 56% | 58% | /[35] | 80% | 58% |

## 3.1 Посебна цел: Развиена кохерентна институционална поставеност на органи на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт со јасно утврдени структури на отчетност

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Усвоен Интегриран извештај со препораки за државна реорганизација.

Во текот на 2022 година, продолжи имплементацијата на проектот ИПА 2: „Поддршка за државна реорганизација“, поддржан од Европската Унија. Во март Владата на РСМ го усвои „Интегрираниот извештај за државна реорганизација“. По усвојувањето на Интегрираниот извештај од страна на Делегацијата на Европска унија во РСМ се одобри продолжување на проектот, односно пилотирање на процесот на реорганизација во три министерски системи и тоа: Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија кои ја започнаа пилот-фазата со формирање на управни одбори и работни групи за секој министерски систем. Согласно плановите за реорганизација на секој министерски систем, првиот чекор во самото пилотирање е верификација на предлозите во Интегрираниот извештај и идентификување на детали кои можеби не биле земени предвид при самата операција. Врз основа на наодите, секое од трите пилот-министерства испратија информации до Владата кои содржеа планови за реорганизација за секој министерски систем. Само Информацијата за реорганизација на министерскиот систем за информатичко општество и администрација се уште не е усвоена од Владата. Правната основа за спроведување на оваа реформа во јавната администрација ќе биде утврдена со новиот системски закон и за таа цел веќе формираната работна група одржа 4 работни состаноци на кои се дискутираа и дефинираа клучни прашања за финализирање на законот.

[35] Поради КОВИД-19 пандемијата не се реализираа обуки

## 3.2 Посебна цел: Воспоставени ефективни и ефикасни механизми кои обезбедуваат отчетност во органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт

Нема активности во извештајниот период.

## 3.3 Посебна цел: Зајакнат интегритет на институциите

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Одржани обуки за имплементација на системот на интегритет за пилот институции и за сите министерства;
- Потпишани 18 политики за интегритет на централно ниво.

Во текот на 2022 година Државната комисија за спречување на корупцијата ја продолжи реализацијата на двегодишниот ИПА 2 проект „Промовирање на транспарентноста и одговорноста во јавната администрација во Северна Македонија". Притоа, во ДКСК се изработија прирачници, формулари, насоки и водичи за имплементација на секој поединечен елемент од Интегритетот[36] и истите се објавени на нивната веб страна[37]. Исто така, се одржаа и два циклуси на обуки за имплементација на системот на интегритет на централно ниво и една обука на општинско ниво. Во рамки на обуката беа опфатени повеќе теми од областа на антикорупциското работење и тоа: управување со судир на интереси, подароци и поволности, управување со квалитет, имплементација на етичкиот кодекс, како и процес на идентификување и управување со корупциски ризици. Дополнително, во октомври се одржаа и циклус на обуки за мониторинг на имплементација на елементите од системот на интегритет преку веб апликација – интернет портал. Овие обуки се спроведоа со институциите од централна и локална власт кои имаат потпишана Политика за интегритет и назначени лица за

---

[36] • Политика на интегритет
• Насоки за примена на политиката на интегритет
• Прирачник за лицата за интегритет
• Насоки за проценка на ризикот од институционална корупција во РС.Македонија
• Упатство за користење на службени возила и реализација на службени патувања
• Упатство за судир на интереси
• Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства во јавниот сектор
• Насоки за подготовка Етички кодекси во институционалното работење

[37] https://dksk.mk/en/

интегритет. Мониторингот на исполнетоста на обврската за воведување на системот на интегритет на централно и локално ниво ќе се спроведува преку поднесување на годишни извештаи за имплементација на системот за интегритет, користејќи го софтверското решение за следење на имплементација на системот на интегритет.

Во 2022 година се одржаа: Тркалезна маса со носителите на извршната власт на тема: „Култура на интегритет – Пат до успех во борбата против корупцијата“; Јавна дебата на тема „Интегритет во високото образование – Поттикнување на борбата против корупцијата“ и обука за потребите на Даночната Академија при Управата за јавни приходи на тема „Институционален интегритет“. Исто така, крајот на 2022 година се одржа и обука за потребите на вработените во Народна Банка на Република Северна Македонија на темите корупција и судир на интереси.

Во извештајниот период започна имплементацијата на Политиките за интегритет на централно и локално ниво. Истовремено, ДКСК го финализираше Прирачникот за Лицата за интегритет и формираше работна група за имплементација на системот на интегритет во ДКСК. Во рамки на веќе воспоставената соработка на ДКСК со ОБСЕ мисијата во Скопје беа одржани два циклуса на обуки за имплементација на Политиката за интегритет на единиците на локалната самоуправа.

Заклучно со декември 2022 година вкупно 18 институции од централна власт и тоа: ГС на ВРСМ, ДЗР, ДКСК, ИС, АЗПСПИЈК, МИОА, МФ, МЕ, МВР, МЖСПП, МЗШВ, МК, МЛС, МОН, МП, МТВ, МТСП, МЗ; потпишаа политики за интегритет, назначија лица за интегритет, поминаа обуки и беа предмет на мониторинг на спроведени системи за интегритет и 67 општини на локално ниво.

Во 2022 година до ДКСК биле поднесени 10 пријави од лица кои се стекнале со статус на укажувачи како една од неколкуте наброени институции за заштитено надворешно известување. Имено, бројот на поднесени **пријави од лица кои се стекнале со статус на укажувачи е зголемен споредбено со минатата година** односно од **9 во 2021 година до 10 во 2022 година.** До крајот на 2022 година, 2 предмети се решени, а останатите 8 отворени од ДКСК се во постапка.

## 3.4 Посебна цел: Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата

| КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ |
| --- |
| • Зајакнување на капацитетите на имателите на информации;<br>• потпишан Меморандум за соработка помеѓу АЗПСПИЈК и судската власт со цел зголемување на активната транспарентност на судовите;<br>• зголемување на бројот на институции од јавниот сектор кои објавуваат податочни сетови на Порталот за отворени податоци. |

Во рамки на проектот ИПА 2: „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација за зајакнување на капацитетите на АЗПСПИЈК за подготовка на проектна апликација и подобрување на меѓународната соработка беа организирани две обуки за Обучувачи на дел од вработените. Едновремено, беше одржана дводневна работилница за прикажување на работата на Канцеларијата на Обдусманот во однос на постапките за слободниот пристап до информациите од јавен карактер, инспекциски овластувања, одлучување по решенија и препораки. Посебен акцент беше ставен на исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на заштитата на животната средина и Архуската конвенција.

За подигнување на капацитетите на имателите на информации беа организирани четири работилници во неколку градови со претставници од невладин сектор, медиуми и со службени лица од судската власт. Во таа насока потпишан е Меморандум за соработка со цел зголемување на активната транспарентност на судовите во насока на доследно спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации.

Одржани се две он-лајн дебати, една со иматели и една со баратели на информации на тема: „Искуства од досегашното спроведување на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и можности за унапредување на остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

Согласно ЗСПИЈК[38] се ажурираше Листата на иматели на информации[39], која АЗПСПИЈК редовно ја ажурира и ја објавува на својата веб-страница. Во извештајниот период Листата на иматели на информации е надополнета со нови иматели, а истовремено се избришани непостоечките, така што во моментот се запишани вкупно 1449 иматели/институции со над 1848 назначени службеници за посредување со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер на национално ниво.

Вкупно **146 органи на државна управа, агенции и инспекциски служби од централната власт** се иматели на информации согласно Листата на иматели на Агенцијата. Од овие институции, годишен извештај доставиле **142, додека 4 иматели не поднеле извештај за имплементацијата на ЗСПИЈК, односно 2,74%.** До овие институции, барателите на информации поднеле **вкупно 2004 барања од кои 103 се одбиени, односно 5,14% за 2022 година.** Од изработените параметри може да се заклучи дека интересот на барателите да добијат информации по однос на Законот варира од година во година.

АЗПСПИЈК и Асоцијацијата за демократска иницијатива, во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество организираше 10 сесии во 5 градови од кои 5 беа информативно едукативни сесии со млади, а 5 сесии со новинари, претставници на граѓански организации и државни институции за користење на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Целта на овие сесии беше да се појасни начинот за поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер и поттик на јавноста да го користи ова уставно загарантирано право за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во рамките на оваа соработка се подготвени следниве материјали: Водич за делегирање на надлежност[40], Прирачник за млади за

---

[38] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019)

[39] http://komspi.mk/%d0%bb%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/

[40] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2021/09/%D0%92%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%87-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D0%BB%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-2.pdf

правото на слободен пристап до информации[41] и Леток за Баратели[42] и беше реализирана обука за вработените на АЗПСПИЈК на тема "Ефективна комуникација со јавноста и медиумите".

Агенцијата изработи нов материјал за обука за имателите на информации и продолжи со воспоставената практика на организирање бесплатни онлајн-обуки на платформата ЗООМ за истите. Во извештајниот период се одржаа вкупно 19 обуки на кои учествувале над 350 иматели на информации од 257 институции.

Во рамките на активностите за подигање на јавната свест за слободниот пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата спроведе кампања за социјалните медиуми, изработи 4 видеа и креативни решенија за социјалните медиуми, спроведе ПР активности и промоции и организираше конференции.
Додека пак, согласно Договорот за соработка помеѓу Агенцијата и Центарот Архус, а со помош на ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, реализирани се обуки на кои присуствуваа 45 службени лица за посредување со информации од јавен карактер од локална самоуправа. Истовремено, започна соработка во рамките на партнерството помеѓу Агенцијата и ДКСК со помош на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, насловена како „Дизајн, развој и имплементација на курс за е-учење на принципот на Демократската Влада за транспарентност и отвореност“. Целта на соработката е да се развие курс за е-учење кој ќе биде достапен на постоечката платформа за е-учење на веб-страниците на ДКСК и АЗПСПИЈК со цел да им се помогне на двете институции во постигнувањето на нивните оперативни цели поврзани со спроведувањето на програмите за обука, како и реализација на неколку обуки во соработка со ЗЕЛС, ДКСК и ОБСЕ.

На 25 мај 2022 година во заедничка организација помеѓу Агенцијата и Меѓународниот републикански институт (ИРИ) се одржа Тркалезна маса на тема „Активна транспарентност на политичките партии - исполнување на законските обврски за слободен пристап до информации од јавен карактер и позитивни практики“. На настанот присуствуваа претставници од политичките партии, владините институции и граѓанското општество.

---

[41] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/08/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D1%80%D0%B0%D1%87%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8.pdf

[42] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2021/09/%D0%9B%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8.pdf

АЗПСПИЈК беше домаќин на Третата Регионална конференција на Иницијативата 2020 насловена: „Проактивна транспарентност и Тромсовата конвенција“ која се одржа во Струга. Реализацијата на оваа Конференција беше подржана од страна на Советот на Европа во рамките на заедничкиот проект помеѓу Европската Унија и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ и проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите на РСМ (ЈУФРЕКС)“. На конференцијата присуствуваа претставници од раководните структури на независните тела за пристап до информации, членови на „Иницијативата 2020“ од Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Словенија, како и одговорниот вицепремиер на политиките за добро владеење во РСМ, експерти од Советот на Европа и делегација од Канцеларијата на Комесарот за информации и заштита на податоци од Албанија. Целта на конференцијата беше да се олесни размената на искуства и информации во областа на проактивна транспарентност, споделување на алатките и стекнатите лекции, како и важноста од примената на европските стандарди и Тромсовата конвенција на Советот на Европа.

АЗПСПИЈК спроведе мониторингот на веб страните **на органите на државна управа кои согласно Законот за СПИЈК се иматели на информации**.[43] Мониторингот за прв пат е спроведен согласно Методологијата за спроведување на мониторинг за проактивно објавување на информациите од јавен карактер[44] преку изготвениот прашалник кој содржи 30 прашања кои произлегуваат од членот 10 **од Законот за СПИЈК.** При тоа, беше утврдено дека 25 иматели имаат висок степен на транспарентност во однос на објавените информации, 56 се со средно ниво на транспарентност, 29 се со ниско ниво и 10 со многу ниско ниво на исполнителност во однос на активната транспарентност. Согласно формулата за пресметка процентот за овој индикатор за 2022 година е 62,3%, односно прикажан е пад на нивото на транспарентност на планот на проактивност кон граѓаните од страна на имателите од категоријата државни органи од централно ниво кој пак во 2021 година изнесуваше

[43]Од вкупно 146 државни институции евидентирани во нашата Листата како иматели, беа мониторирани веб страниците на 120 иматели. 11 не беа опфатени со мониторингот, бидејќи немаат сопствени веб локации. Веб страницата на еден имател (Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи) не можеше да се анализира од причина што додека траеше мониторирањето беше неактивна, односи до истата не можеше да се пристапи, додека 13 подрачни единици на Државното правобранителство на РСМ се составен дел на Државното правобранителство и тие не се мониторираат

[44] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/04/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%BD%D0%B3.pdf

86,03% . Но, во компаративна смисла има значително подобрување на иматели кои во 2021 година беа во категоријата со ниско или средно ниво на транспарентност, додека истите во 2022 година се во категоријата со средна или висока транспарентност. Имено, во 2022 година според резултатите од мониторингот[45], најтранспарентни институции се: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за одбрана, Министерството за финансии и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на РСМ.

За мерење на процентот на решенија на АЗПСПИЈК во однос на пристапот на информации од јавен карактер кои се спроведуваат од страна на институциите во 2022 година Агенцијата донесе 151 решение што имателите на информации на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централната власт се должни да ги спроведат. Од нив евидентирани се 113 решенија по кои овие иматели на информации имаат постапено, односно, произлегува дека 74,8% од институциите од централната власт постапиле по решенијата на Агенцијата.

Едновремено, мора да се истакне дека има процентуално зголемување на **институции од јавниот сектор кои објавуваат податочни сетови на Порталот за отворени податоци од 53% во 2021 година на 57% во 2022 година.** Од тука произлегува дека иако не постои утврдена и/или задолжителна фреквенција за објавување податоци на порталот, трендот на објавување на податоци континуирано се зголемува, што покажува дека институциите го прифаќаат концептот на отворени податоци.

Континуирано се работеше на поддршка на институциите за начинот на функционирање на Порталот за отворени податоци. Во 2022 година на истиот се објавени 199 податочни сетови, а вкупно до крајот на извештајниот период објавени се вкупно 594 податочни сетови од 74 институции од јавниот сектор. Беа изработени и 10 видео обуки кои се поставени на порталот како објаснување за целиот процес на отворени податоци. Беа објавени и три апликации[46] кои се изработени врз основа на податоците од порталот. Исто така, беше организирана и обука за повеќе од 20 членови од институциите.

Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис во рамки на Проектот на УСАИД

---

[45] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/12/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88-%D0%97%D0%90-%D0%9C%D0%9E%D0%9D%D0%98%D0%A2%D0%9E%D0%A0%D0%98%D0%9D%D0%93-%D0%94%D0%A0%D0%96%D0%90%D0%92%D0%9D%D0%98-%D0%98%D0%9D%D0%A1%D0%A2%D0%98%D0%A2%D0%A3%D0%A6%D0%98%D0%98-2022.pdf

[46] https://www.data.gov.mk/mk/showcase

за граѓанско учество, реализираше активности за поддршка на 4 институции[47] во процесот на отворање на нивните податоци. Во рамките на овој проект се реализираа следните активности: спроведување на онлајн обука за членовите на тимовите за отворени податоци во 4 институции, Попис и каталогизација на податочните сетови, а во тек е приоритизација на податочните сетови, креирање и објавување на податочни сетови во отворен формат и креирање на интерни процедури за отворени податоци.

Дополнително, во однос на законската рамка за отворени податоци работната група за подготовка на законот активно работи на усогласување на Законот за користење на податоците во јавниот сектор со ЕУ законодавството. Во програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година е предвиден Законот за изменување и дополнување на законот за користење на податоците од јавниот сектор, односно усогласување со ЕУ Директивата за отворени податоци и ре-употреба на информации од јавниот сектор (2019/1024). Со цел реализација на овие активности од страна на министерот за информатичко општество и администрација е формирана Работна група за подготовка на Законот за изменување и дополнување на законот за користење на податоците од јавниот сектор која активно работи за постигнување на оваа цел. Во тек е финализирање на Оценката на спроведувањето на законот, Извештајот за Проценка на влијанието на законот, како и на новиот текст на законот.

## 3.5 Посебна цел: Подобрена ефикасност на управните постапки и доследна примена на ЗОУП

Министерството за информатичко општество и администрација континуирано соработува со институциите обезбедувајќи им поддршка со цел унапредување на имплементацијата на Законот за општата управна постапка (ЗОУП). Во таа смисла Министерството и во 2022 година во рамките на своите

| КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ |
| --- |
| • Финализирана нацрт верзијата на предлог измените и дополнувањата на ЗОУП со што ќе се овозможат побрзи и ефикасни управни постапки, ќе се обезбеди самостојност во работата на службениците, зајакнување на личната одговорност на службениците за својата работа и ослободување на министрите од одговорност за незаконитите управни акти против кои се води управен спор. |

[47] Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија и Агенција за заштита на лични податоци.

надлежности продолжи да дава поддршка и да ги насочува институциите во однос на усогласување на посебните закони со Законот за општа управна постапка. Истовремено, фокусот на дадените мислења се и усогласеноста на одредбите за размена на податоци по службена должност меѓу институциите и почитување на роковите. Контакт формата за поставување на прашања во врска со имплементацијата на ЗОУП и понатаму е активна на веб-страницата на МИОА во делот посветен на имплементацијата на ЗОУП. Освен ваква поддршка, МИОА дава писмени инструкции и насоки за различни прашања кои произлегуваат од примената на ЗОУП.

Во извештајниот период МИОА во соработка со претставници од СИГМА и локални експерти ангажирани од страна на СИГМА, продолжи посветено да работи на финализирање на нацрт верзијата на предлог измените и дополнувањата на ЗОУП со цел надминување на проблемите кои се детектирани при практичната имплементација на законот, а во насока на допрецизирање на некои одредби и технички подобрувања на текстот на законот.

# 4. ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

| ОПШТА ЦЕЛ |
|---|
| ОБЕЗБЕДЕНИ УСЛУГИ НА БРЗ, ЕДНОСТАВЕН И ЛЕСНО ДОСТАПЕН НАЧИН |

Во текот на извештајниот период се изработија Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година и нацрт верзијата на **Националната Стратегија за развој на Информациски и комуникациски технологии 2023-2027**, како и континуирано продолжи зголемувањето на бројот на институции приклучени на Платформата за интероперабилност.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ

| | Посебна цел 4.1 | Посебна цел 4.2 | Посебна цел 4.3 |
|---|---|---|---|
| Реализирани | 0 | 7 | 4 |
| Во тек | 0 | 0 | 0 |
| Доцнат | 3 | 5 | 2 |

| Индикатор на ниво на посебна цел | Измерена вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на ИКТ инвестиции направени врз основа на планот за рационално инвестирање или “Централниот план за ИКТ“на ниво на централна власт | Со ревизијата на АП се одлучи дека нема да се изработува План за рационално инвестирање, и оттука овој индикатор не се мери | | | | | |
| % на услуги за кои е завршен процесот на ре-инжинеринг, вклучително и услугите за кои со евалуацијата или само-евалуацијата е утврдено дека немаат потреба од ре-инженеринг | Овој индикатор не може да се измери бидејќи ре-инженеринг ќе се спроведе на новите услуги кои ќе бидат развивани понатаму | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % на услуги достапни на Националниот портал од вкупниот број на услуги | / | 18% | 0,6 | 3,7% | / | 5,9% |
| % на е-услуги кои се достапни на корисниците кои користат различни методи за електронска идентификација | / | 100% | 100% | / | 100% | / |
| Индикатор на ниво на мерка | Измерена вредност (2018) | Измерена вредност (2019) | Измерена вредност (2020) | Измерена вредност (2021) | Целна вредност (2022) | Измерена вредност (2022) |
| % на спроведување на акцискиот план за спроведување на донесените стратегија и политика во органите на централна и локална власт кои започнале дигитална трансформација | Овој индикатор ќе се мери по донесување на Национална ИКТ Стратегија и АП | | | | | |
| % на ИКТ проекти кои се координираат/управуваат централно | 48,85% | 32% | не е измерен за 2020 | / | 100% | / |
| % на ИТ кадар кој ја напушта администрацијата на ниво на ОДУ, агенции и инспекциски служби од централната власт на годишно ниво споредено со вкупниот број на вработениот ИТ кадар во органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централната власт | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| Вкупен број на официјална кореспонденција во печатена форма помеѓу органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт на годишно ниво | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| % на институции кои исполнуваат | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| предуслови за воведување на еко стандарди, од оние кои спровеле самоевалуација | | | | | | |
| % на веб локации каде се применети стандарди за достапност, групирани според веб локации кои ги имаат стандардите за веб присуство, стандардите за лица со посебни потреби со ниво АА, и двата стандарди | Овој индикатор ќе се измери по унифицирањето на веб страните, бидејќи стандардите за достапност ќе бидат применети во процесот на унифицирање | | | | | |
| % на локации по орган на државна управа и органи во состав кои ги применуваат стандардите за физичка пристапност | 61% | 66% | 66% | 66% | / | 66% |
| % на институции кои користат Стандарди за управување со квалитет и редовно ги надградуваат, вклучително и надградба на интерната регулатива врз основа на наодите од извештаите за примена на Стандардите за управување со квалитет[48]. | / | 30% | 30% | Вакво истражување не било направено | / | / |
| % на јавни регистри кои се стандардизирани согласно стандардите, вклучително и јавни регистри за кои врз основа на самоевалуацијата е утврдено дека ги задоволуваат стандардите | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| % на услуги кои се усогласени со | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |

[48]Овие податоци се однесуваат на институции кои го имплементираат моделот КАФ, но нема прецизни податоци кои се однесуваат на сите стандарди и алатки за управување со квалитет (за секој стандард/алатка поединечно)

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| унифицираните стандарди за давање на услуги | | | | | | |
| број на услуги за кои е направена евалуација во однос на вкупен број на услуги од Каталогот на услуги | / | 52 | Поради КОВИД 19 не се извршени мерења за 2020 | / | / | / |
| % на е-услуги за кои надоместоците се намалени споредено со надоместокот за соодветните услуги | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| % на отворени ЕТУ од планираните | 0 | 7% | 7%[49] | 21,4%[50] | 28,5% | 21,4%[51] |
| % на институции кои известувањето за вработените го вршат во пропишан рок | Овој индикатор не е измерен бидејќи нема податоци | | | | | |
| % на институции кои вршат редовно мерење на задоволството на корисниците, согласно предвидената динамика | Овој индикатор не е измерен бидејќи Методологија за мерење на успехот на работењето на институциите не беше усвоена | | Според предвидената динамика Министерство за информатичко општество и администрација континуирано врши мерење на задоволството на институциите секоја година на 10 нови институции предложени од Министерството, а усвоени од Влада на Република Северна Македонија. | | | |
| % на ново развиени/ интегрирани е-услуги кои се достапни на Националниот портал споредено со вкупниот број на расположливи е-услуги на порталот | 0 | 40% | 0,46 | 21,1% | / | 35,2% |
| % на граѓани со електронски идентитет од националното решение | / | / | 1% | 2% | / | / |
| % на дигитализирани регистри во однос на идентификуваните | / | 1% | 30% | Не е измерен | 90 | / |

[49] 1 ЕТУ отворен, а веќе отворениот ЕТУ во Скопје трансформиран со воведување граѓански ориентиран концепт на прием на странки

[50] Отворени 3 ЕТУ во Куманово, Битола и Охрид

[51] Отворени 3 ЕТУ во Куманово, Битола и Охрид

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| регистри за дигитализирање | | | | за 2021 година | | |

## 4.1 Посебна цел: Рационално инвестирање во развојот на дигиталната средина

| КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|
| • Презентирана нацрт верзија на **Националната Стратегија за развој на Информациски и комуникациски технологии 2023-2027.** |

Во текот на 2022 година се презентираше нацрт верзијата на **Националната Стратегија за развој на Информациски и комуникациски технологии 2023-2027**. Истата се базира врз четири столба кои се детектирани како клучни за забрзување на социјалниот, еколошкиот, индустрискиот и технолошкиот напредок и создавање решенија за одржлив животен циклус:

-Дигитална поврзливост и државна ИКТ инфраструктура;
-Дигитални вештини – за граѓаните да бидат опремени со дигитални вештини што ќе влијае врз продуктивноста за да се обезбеди економски раст и отворање работни места;
-Дигитална влада – за понатамошна модернизација на јавната администрација, зголемување на употребата на дигитални платформи и иновативни дигитални интеракции;
-Дигитализација на бизниси, ИКТ овозможувачи и дигитални иновации - на тој начин ќе им се овозможи на бизнисите да се претворат од локални играчи во глобални конкуренти.

## 4.2 Посебна цел: Зголемен квалитет и достапност до услугите

| КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ |
| --- |
| • Објавен Извештај од анализата за мерење на ефектите и влијанијата од воведување на Стандардите за управување со квалитет;<br>• Изработен Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година<br>• Граѓаните имаат брз и едноставен пристап до информации за добивање на 922 услуги од институциите;<br>• Зголемен бројот на институции приклучени на Платформата за интероперабилност на 56 институции/инстанци (комуникациски клиенти). |

Во текот на 2022 година се реализираа активности согласно усвоениот Акциски план на Националниот план за управување со квалитет. Притоа, се спроведоа две дводневни основни обуки за управување со квалитет на кои учествуваа 40 претставници од 20 институции од јавниот сектор. На обуките се промовираше важноста на имплементацијата на моделите за управување со квалитет во подобрување на испораката на услугите кон граѓаните за што и постои јавната служба. МИОА во извештајниот период ги имплементираше ИСО стандардите и тоа ИСО 9001 за управување со квалитет и 27001 за безбедност на информациите, а воедно и се здоби со сертификатот за ИСО 9001 и го започна процесот за сертификација на ИСО 27001 за безбедност на информациите.

Дополнително, во МИОА се имплементираше нов циклус за воведување на ЦАФ моделот. Процесот се одвиваше преку самопроценка од страна на вработените, тие одговараа на прашањата од прашалникот дизајниран и прилагоден од експертите само за МИОА. Се одржаа две работилници за консензус и за приоретизација. На работилницата за приоретизација направен е План за подобрување во кој се дефинирани активностите за подобрување, временската рамка, предвидениот буџет потребен за спроведување на активноста, изворите на финансирање и показателите на успешност и истиот содржи девет приоретизирани цели. МИОА е во процес на имплементација на активностите од Планот за подобрување кој произлезе од имплементација на ЦАФ моделот во министерството. По шестмесечна имплементација на активностите од Планот, институцијата треба да направи евалуација на постигнатите резултати од имплементирањето на моделот и да аплицира за добивање на сертификатот за ефективен ЦАФ корисник. Во насока на

популаризирање на моделот регистрирани се уште неколку институции кои се во подготвителна фаза на имплементирање на овој модел (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ДКСК е во процес на имплементација, а МВР и СЗ се во подготовка).

Министерство за информатичко општество и администрација како национална контакт точка за управување со квалитет продолжи со имплементација на нов циклус на мерење на задоволството на корисниците од добивање на јавни услуги. Новиот циклус ги опфати сите фази на Методологијата според која МИОА до Владата на РСМ предлага десет институции во кои ќе се мери задоволството на корисниците. Владата го усвои предлогот на Министерство за информатичко општество и администрација. Тимот за управување со квалитет ги испрати анкетните листови од пет области до институциите во кои се врши мерењето на задоволството. Од институциите повратно ги добивме резултатите од прашалниците. Паралелно со пополнување на прашалниците, консултантска куќа го спроведува истражувањето со анкетни листови и методот на таен клиент. Резултатите од двата дела на истражувањето се спојуваат и се добиваат резултати за најдобро рангираните установи според мерењето. Извештајот од мерењето на индексот на квалитет на институциите е објавен на веб страната за управување со квалитет[52] и на веб страната на МИОА[53]. Препораки кои произлегуваат од Извештајот се следните:

- Институциите кои покажаа добри резултати во работата, овој степен на квалитет е неопходно да го одржат и унапредуваат;
- Институциите кои покажаа слаби резултати неопходно е да се подобрат во областите каде има потреба од тоа;
- Да се зајакнат административните капацитетите, како клучен предуслов за квалитетот на работата на институциите и за испорачувањето на услугите;
- Да се продолжи со трендот на транспарентно и инклузивно работење и
- Да се зголеми степенот дигитализација при испорачувањето на услуги.

Потребата да се подобрат услугите што владините институции ги нудат со изградба на ефикасен, модерен и транспарентен граѓански сервис што ќе обезбеди висок квалитет на работа е еден од главните приоритети на Владата на Република Северна Македонија. Водено од овие предизвици, Министерството за информатичко општество и администрација го изработи новиот Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година. Со воспоставување на одржлив процес на управување со квалитет во јавниот

[52]http://kvalitet.mioa.gov.mk/wp-content/uploads/2022/04/izveshta%D1%98-istrazhuva%D1%9Ae-za-modeli-za-upravuva%D1%9Ae-so-kvalitet.pdf
[53] https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/4582

сектор, РСМ се приклучува на европските трендови за воспоставување на квалитет во работата на јавната администрација и модернизација на јавните услуги.

Изминатиот период во тек е континуирано одржување на Националниот портал за е-услуги. Првично дизајниран да испорачува е-услуги само за граѓаните, порталот сега нуди услуги и за граѓаните и за деловните компании кои можат да добијат услуги од државните институции. Процесот на развој на нови е-услуги и за граѓаните и за компаниите продолжува. Во рамките на ИПА2017: Зајакнување на проектот за е-влада, дигитализација на 135 нови е-услуги и соодветни регистри се во процес на развој.

Изработен е софтверот за дигитализација на регистри еСИР, со кој институциите ќе имаат можност да ги дигитализираат своите регистри. Во рамки на овој софтвер, поставен е Регистар на регистри, кој ќе содржи податоци за сите регистри што ги поседуваат институциите, независно дали се дигитализирани или не. На овој начин ќе се подобри давањето услуги за граѓаните, преку стандардизирање на процесот на давање на услуги.

Поедноставувањето на процесот на давање на услуги продолжи со континуирано внесување и верификување на дополнителните услуги во Каталогот на услуги. До крајот на **2022 година, вкупниот број на верификувани и одобрени услуги внесени во Каталогот изнесуваше 922**, а податоците за нив се објавени на Националниот портал.

Тековното одржување на платформата за интероперабилност, како и активностите за приклучување нови институции и нови сервиси на оваа платформа континуирано продолжија и во 2022 година. Бројот на трансакции на втората сервисна магистрала МИМ2[1] во 2022 година изнесува 2.728.504 трансакции. Вкупниот број на институции кои се приклучени на Платформата за интероперабилност заклучно со декември 2022 години е 56 (вклучително и Националниот портал за е-услуги, Националниот регистар на население и еСДП платформата). На располагање се 691 веб сервиси/методи за размена на податоци. Истовремено, отпочнати се активности за имплементација на нова функционалност: Јазол комуникациски клиент со која ќе се овозможи позади еден комуникациски клиент да се поврзат повеќе еднородни институции.

Во текот на 2022 година продолжија со работа отворените центри за услуги - ЕТУ центри во Скопје, Куманово, Битола, Охрид и Тетово каде што достапни се повеќе од 75

[1]Првата сервисна магистрала од Платформата за интероперабилност е згасната заклучно со 01.03.2021 и сите активни сервиси се пренасочени и функционираат на втората сервисна магистрала МИМ2.

јавни услуги, а од почетокот на 2022 година до сега над 23.000 граѓани користеле услуги во ETU во извештајниот период. Во однос на Националниот Систем „Оцени ја Администрацијата“ – Семафор, во извештајниот период 375 граѓани ја искористија можноста да ја оценат работата на институцијата, дадената услуга и шалтерскиот службеник со скенирање на QR кодот по завршената услуга. Резултатите од евалуацијата се статистички прикажани и објавени на веб-страницата на ЕТУ[54] . Додека пак, преку националниот Систем „Резервирај Термин за услуга“ – Мој ред, приближно 300 граѓани ја искористија можноста да резервираат термин за услуга, при што најголем дел од нив се во последниот месец од кога започна и промовирањето на оваа услуга.

### 4.3 Посебна цел: Дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услуги

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- Зголемен бројот на електронски услуги достапни до граѓаните преку националниот портал за електронски услуги;
- Воспоставен посебен модул за поврзување на Централен регистар на население со Државната изборна комисија;
- Дигитализирани Регистарот на регистри и Регистарот на авторизации.

Националниот портал за е-услуги (www.Uslugu.gov.mk) постојано се ажурира и во него се внесуваат нови е-услуги. До крајот на извештајниот период од вкупно 1288 институции за 81 институција има внесено податоци за јавни услуги. Објавени се податоци за 835 јавни услуги од 39 институции. Од нив 222 јавни услуги се електронски, а за 88 електронски услуги може директно да се аплицира на порталот, додека за 134 услуги се аплицира електронски на надворешни системи.

Преку Модулот за управување со тикети кој претставува систем за давање поддршка на корисниците на Националниот портал за е-услуги до 30 јуни 2022 година пристигнати се 4427 тикети од граѓани и од нив најголем број се решени. Имено, преку поднесување на барање/тикет на граѓаните им се решават технички проблеми граѓаните при најава на Порталот, како и проблемите кои произлегуваат при аплицирањето за е-услугите.

Едновремено, во текот на 2022 година **беше поднесено 1 барање за регистрација** на доверлива услуга за електронски потписи **во Регистарот на даватели на доверливи услуги** и на шеми за електронска идентификација кои заедно со придружната документација беа обработени од надлежната работна група. Во

[54] https://etu.uslugi.gov.mk/pages/rating-report

Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација беше регистриран 1 давател на доверлива услуга за електронски потписи. Во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација беше регистриран еден издавач на шема за електронска идентификација и тоа МИОА на високо и ниско ниво на сигурност.

Во рамките на ИПА 2017: Зајакнување на проектот за е-влада веќе се дигитализирани Регистарот на регистри и Регистарот на авторизации, а отпочнат е и процесот на Дигитализација на 9 регистри од Министерство за економија кој ќе продолжи и во 2023 година.

Во извештајниот период беа направени неколку подобрувања на системот Централен регистар на население обезбедувајќи последно ажурирани податоци за сите граѓани. Беше извршено подобрување во квалитетот на податоците за граѓаните кои живеат во населените места без адресен систем, како и кај податоците за граѓаните кои се родени во странство. Покрај подобрување во квалитетот на податоците, беше поставен посебен модул за поврзување со Државната изборна комисија, како и модул за разрешување на проблеми во случај на грешни податоци кај институциите изворници. Исто така, во овој период беа доставени серверите потребни за воспоставување на новата инфраструктура. Управата за финансиска полиција и Клириншка куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (КИБС АД Скопје) добија полиси за пристап согласно доставените барања за пристап. Координативни состаноци беа одржани и со други компании и институции кои беа заинтересирани за приклучување и користење на податоците од системот. Во координација со Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика беа разгледани можностите за преземање и ажурирање на податоците за лицата кои не се евидентирани во матичната книга на родени. Во Март беа доставени првите хардверски компоненти за воспоставување на новата околина за Системот за Централен регистар на население. Во Мај беше воспоставена соработка со СИГМА, каде преку локални експерти е планирано да се следи и помогне во донесување на новата законска регулатива за овој систем.

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АП НА СРЈА ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2022

Во првиот дел од овој Извештај се дава преглед исклучиво на степенот на реализација на активности предвидени во овој извештаен период, додека пак во овој дел се дава целосен приказ на имплементацијата на сите активности предвидени од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018) до крајот на овој извештаен период (декември 2022), кој е прикажан во графикот подолу. За обезбедување целосен приказ на имплементацијата на сите активности, во овој дел од Извештајот се нуди преглед на 208 активности од кои: 113 активности се реализирани, 9 активности се реализирани после рок, а 77 активности доцнат со реализација или не се почнати во предвидениот период. **Зададената временска рамка за периодот од 2018 - 2022 година е 63% реализирана.**



**Степен на имплементација на активности од АП на СРЈА (февруари 2018 – декември 2022) по приоритетни области**

| | Реализирани активности | Во тек на реализација активности | Доцнат со реализација активности | Реализирано после рок | Вкупен број активности |
|---|---|---|---|---|---|
| ПО1 | 43 | 0 | 4 | 6 | 53 |
| ПО2 | 11 | 0 | 35 | 2 | 48 |
| ПО3 | 19 | 0 | 7 | 6 | 32 |
| ПО4 | 40 | 0 | 31 | 4 | 75 |
| **Вкупно активности** | **113** | **0** | **77** | **18** | **208** |

**Степен на имплементација на активности од АП на СРЈА (февруари 2018 – декември 2022) процентуално по приоритетни области**












**Степен на имплементација на АП на СРЈА (февруари 2018 – декември 2022) по институции носители на активности**

| Институција | Реализирани | Во тек | Доцнат | Реализирано после рок | Вкупно активности |
|---|---|---|---|---|---|
| ГС | 29 | / | / | 3 | 32 |
| ГС И КПВРСМ | 4 | / | / | / | 4 |
| МИОА | 61 | / | 59 | 7 | 127 |
| СЗ | 1 | / | / | / | 1 |
| СЕП | / | / | 1 | 1 | 2 |
| ДЗС | 2 | / | / | 1 | 3 |
| ДЗС И МФ | 1 | / | / | / | 1 |
| МФ | 2 | / | / | 1 | 3 |
| Мрежа за учр | / | / | / | 1 | 1 |
| МПСОЗ | 1 | / | / | / | 1 |
| МТСП | 2 | / | 8 | / | 10 |
| АА | 1 | / | 4 | / | 5 |
| ДКСК | 1 | / | 1 | 3 | 5 |
| МП | 3 | / | / | / | 3 |
| АЗПСПИЈК | 2 | / | / | 1 | 3 |
| ДБКИ | / | / | 1 | / | 1 |
| МИОА И МФ | 1 | / | / | / | 1 |
| МИОА и КЗПВЕП | 1 | / | / | / | 1 |
| КПВРСМ | / | / | 2 | / | 2 |
| МТСП И МТВ | 1 | / | / | / | 1 |
| УВМК, ФЗОРСМ И МИОА | 1 | / | / | / | 1 |
| ВКУПНО | 114 | / | 76 | 18 | 208 |

## УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИ

| ПРЕДИЗВИК (2021) | ПРЕЗЕМЕНИ ЧЕКОРИ (2022) |
|---|---|
| Усвојување на релевантните документи врзани со процесот на подготовка, следење, оценување и известување за секторските стратегии. | Усвоени Методологијата за начинот на подготовка, следење на спроведувањето, евалуација и известување за секторските стратегии. и Упатството за структурата и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на долгорочните и среднорочните секторски стратегии. |
| Усвојување на Законот за висока раководна служба, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници. | Министерството за информатичко општество и администрација финалните верзиите на предлог законите: Законот за висока раководна служба, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници ќе ги достави во Владата на РСМ во јануари 2023 година. |
| Воспоставување на кохерентен и унифициран систем на плати за вработените во јавниот сектор. | Изработена е нацрт верзија на предлог Законот за системот на плати во јавниот сектор и истата ќе биде објавена на ЕНЕР во јануари 2023 година. |
| Финализирање на новиот ЗОРОДУ | Усвоен Интегриран извештај со препораки за државна реорганизација.<br>Воспоставената работна група одржа 4 работни состаноци на кои се дискутираа и дефинираа клучни прашања за подготовка на новиот ЗОРОДУ. |
| Усвојување на **Националната долгорочната ИКТ стратегија со Акциски план** | Во текот на 2022 година се презентираше нацрт верзијата на **Националната Стратегија за развој на Информациски и комуникациски технологии 2023-2027**. |

Овој Извештај покажува дека голем дел од мерките и активностите од имплементацијата на АП и во текот на 2022 година не се реализираа бидејќи се поврзани со донесување на измени и дополнување или носење нова законска регулатива, а нивното недонесување, предизвика одлагање на имплементацијата на останатите активности. Истовремено, подготовката на овој Извештај укажа дека е неопходно да се направи електронска алатка за прибирање на податоци со цел олеснето прибирање, пребарување на податоци, анализа, подготовка на извештаи, архивирање на документи, операции за кои во регуларни околности се троши многу време, ресурси и труд.

Едновремено, мерењето на индикаторите остана и понатаму да биде предизвик. Имено, користењето на меѓународните индикатори укажа на тоа дека нивното мерење не се совпаѓа со процесот на известување за имплементација на АП на СРЈА. Некои индикатори подготвени од самите надлежни институции не можат да бидат измерени бидејќи не располагаат со потребните податоци.

# ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2022

МИОА како надлежно министерство за координација и следење на спроведувањето на Стратегијата за РЈА 2018 – 2022 писмено се обрати до 14те клучни институции надлежни за спроведување на Акцискиот план со цел да ги обезбеди податоците за потрошените средства за периодот 2018 -2022 година. Притоа, добиени се податоци од деветте институции кои имаат финансиска реализација и тоа: МИОА, ГС, АСПИЈК, ДЗС, МП, МФ, Управа за матични книги, ДКСК и СЗ врз основа на кои е подготвен овој финансиски преглед.

**Проценка на потребни средства**

Средствата за спроведување на мерките и реализација на активностите предвидени во (АП) на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 изнесуваат 1.802.139.304 денари односно поединечно по области:

Област 1- Креирање на политики и координација 791.297.500,00 денари или 43,91% од вкупно потребните средства.

Област 2-Јавна служба и управување со човечки ресурси 37.674.000 денари или 2,09% од вкупно потребните средства.

Област 3-Одговорност, отчетност и транспарентност 172.080.190 денари или 9,55% од вкупно потребните средства, и

Област 4-Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата 801.087.614 денари или 44,45% од вкупно потребните средства.

Од вкупно потребните средства за реализација на активностите во периодот 2018 – 2022 година, планирано е

- 425.160.404 денари или 23,59% да се обезбедат од Буџетот на РСМ;
- 783.205.400 денари или 43,46%
  преку фондови и инструменти на Европската унија што претставува најголем износ;
- 63.238.500 денари или 3,51% од потенцијална донаторска подршка и
- Износот од 530.535.000 денари или 29,44% да се финансира од повеќе извори кои во АП не се разграничени (потенцијална донаторска подршка, Буџет на РСМ и други извори како ИПА).

| Табела 1:Проценети средства за имплементација на АП | | | | | во денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Буџет на РМ** | **Донаторски** | **ЕУ (ИПА)** | **Потенцијална донаторска поддршка, Буџет на РМ и ИПА, ОБСЕ** | **Вкупно** | **% учество** |
| Област 1 | 1.200.000 | 21.097.500 | 245.000.000 | 524.000.000 | 791.297.500 | 43,91 |
| Област 2 | 7.189.000 | 26.450.000 | - | 4.035.000 | 37.674.000 | 2,09 |
| Област 3 | 3.984.790 | 1.490.000 | 166.605.400 | | 172.080.190 | 9,55 |
| Област 4 | 412.786.614 | 14.201.000 | 371.600.000 | 2.500.000 | 801.087.614 | 44,45 |
| **Вкупно** | **425.160.404** | **63.238.500** | **783.205.400** | **530.535.000** | **1.802.139.304** | 100,00 |
| % учество | 23,59 | 3,51 | 43,46 | 29,44 | 100,00 | |




## Потрошени средства

За периодот 2018-2022 година за имплементација на Стратегијата за РЈА 2018 – 2022, потрошени се средства во износ од 1.301.488.789 денари, односно поединечно по области:

Област 1- Креирање на политики и координација во износ од 603.795.208 денари или 46,39 % од вкупно потрошените средства;
Област 2-Јавна служба и управување со човечки ресурси во износ од 766.300 денари или 0,06% од вкупно потрошените средства;
Област 3-Одговорност, отчетност и транспарентност во износ од 144.233.086 денари или 11,08 % од вкупно потрошените средства;
Област 4-Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата во износ од 552.694.195 денари или 42,47% од вкупно потрошените средства;

Потрошените средства во однос на проценетите средства изнесуваат 72,22%, што сметаме дека не е задоволителен % со оглед на тоа што во 2022 година завршува Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022).

**Процентот на реализација по области изнесува:**

Табела 2: Проценети и потрошени средства по области — во денари

| Област | Проценка | % | Потрошено | % | Индекс потрошено/проценка |
|---|---|---|---|---|---|
| Област 1 | 791.297.500 | 43,91 | 603.795.208 | 46,39 | 76,30 |
| Област 2 | 37.674.000 | 2,09 | 766.300 | 0,06 | 2,03 |
| Област 3 | 172.080.190 | 9,55 | 144.233.086 | 11,08 | 83,82 |
| Област 4 | 801.087.614 | 44,45 | 552.694.195 | 42,47 | 68,99 |
| **Вкупно** | **1.802.139.304** | | **1.301.488.789** | | **72,22** |




**Потрошени средства по извори на финансирање**

Имлементацијата на АП 2018-2022 година во најголем дел е реализирана со буџетски средства во износ од 812.263.840 денари (62,41%), а 489.224.949 денари (37,59%) е реализирано со екстерно финансирање.

Важно е да се нагласи дека реализацијата на средства од Буџетот (62,41%) во однос на проценетите средства во износ 425.160.404 денари (23,59%) е поголема за 91,05% што

покажува фискална способност на државниот Буџет и посветеност на реформските цели на СРЈА 2018-2022 година.

- Буџетски средства учествуваат во износ од 812.263.840 денари или со 62,41% од што најголем износ е за активности во Приоритетна област 1 во износ од 501.868.825 денари или 61,79%; во Приоритетна област 2 во износ 766.300 денари или со 0,09%; најмал износ од 12.344 денари за Приоритетна област 3 или 0.002% и за Приоритетна област 4 учество во износ од 309.616.371 денари или со 38,12%;

- Донаторски средства учествуваат со износ од 24.813.001 денари (402.156 ЕУР) или 1,91% и тоа: 24.800.032 денари или 99,95% за активности во Приоритетна област 1 и 12.969 денари или 0,05% за активности во Приоритетна област 3;

- ЕУ (ИПА) средства во износ од 464.411.948 денари (7.526.936 ЕУР) или 35,68% (за активности во Приоритетна област 1 износ 77.126.351 денари или 16,61%, активности во Приоритетна област 3 со износ од 144.207.773 денари или 31,05% и активности во Приоритетна област 4 во износ од 243.077.824 денари или 52,34%.

Табела 3:Финансиски средства за имплементација на АП — во денари

| Област | Буџетски средства | % | Донаторски | % | ЕУ (ИПА) | % | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Област 1 | 501.868.825 | 61,79 | 24.800.032 | 99,95 | 77.126.351 | 16,61 | 603.795.208 | 46,39 |
| Област 2 | 766.300 | 0,09 | - | - | - | - | 766.300 | 0,06 |
| Област 3 | 12.344 | 0,002 | 12.969 | 0,05 | 144.207.773 | 31,05 | 144.233.086 | 11,08 |
| Област 4 | 309.616.371 | 38,12 | - | - | 243.077.824 | 52,34 | 552.694.195 | 42,47 |
| **Вкупно** | **812.263.840** | | **24.813.001** | | **464.411.948** | | **1.301.488.789** | 100,00 |
| % учество | 62,41 | | 1,91 | | 35,68 | | 100,00 | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | среден курс на ЕУР | | 61,7 | |
| | 13.164.730 EUR | | 402.156 EUR | | 7.526.936 EUR | | 21.093.822 EUR | |
| | | | | | | | | |
| Вкупно: донаторски+ЕУ | | | 489.224.949 ден | | 7.929.092 EUR | | | |

**Напомена: Средства кои не се земени во финансискиот извештај (табеларно и описно)**

- Од ИПА 2012 потрошени се 1.300.000 евра, а од ИПА 2013 потрошени се 450.000 евра. Овие 2 проекти се завршени.
- Во тек е ИПА 2017 и до крај на извештајниот период отприлика потрошени се 500.000 евра.




## Потрошени средства од Буџетот по години и области

Распределбата на вкупните средствата потрошени од Буџетот во износ од 812.263.840 денари покажува раст од година во година: во 2018 година има потрошено најмалку или 5.698.434 денари или 0,70% за активности во Приоритетна област 1; во 2019 година износ од 76.626.414 денари или 9,43% за активности во Приоритетна област 1 и 4; во 2020 година 254.964.507 денари или 31,39% за активности во Приоритетна област 1,2 и 4; во 2021 година потрошено најголем износ 322.966.463 денари или 39,76% денари за активности во Приоритетна област 1,2,3 и 4; и во 2022 година потрошено 152.008.022 денари или 18,71%.

| Табела 4: Распределба на потрошени средства од Буџетот | | | | | | во денари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **Вкупно** | **%** |
| Област 1 | 5.698.434 | 14.992.050 | 204.055.285 | 266.409.471 | 10.713.585 | 501.868.825 | 61,79 |
| Област 2 | 0 | 0 | 409.222 | 22.143 | 334.935 | 766.300 | 0,09 |
| Област 3 | 0 | 0 | 0 | 12.344 | 0 | 12.344 | 0,002 |
| Област 4 | 0 | 61.634.364 | 50.500.000 | 56.522.505 | 140.959.502 | 309.616.371 | 38,12 |
| **Вкупно** | **5.698.434** | **76.626.414** | **254.964.507** | **322.966.463** | **152.008.022** | **812.263.840** | 100,00 |
| % учество | 0,70 | 9,43 | 31,39 | 39,76 | 18,71 | 100,00 | |




Од Буџетот најмногу се потрошени се потрошени средства за Приоритетна област 1 во износ од 501.868.825 денари или 61,79%; за Приоритетна област 2 во износ од 766.300 денари или 0,09%, за Приоритетна област 3 најмал износ од 12,344 денари или 0,002%, за Приоритетна област 4 во износ од 309.616.371 денари или 38,12%.



**Потрошени средства од донаторски и ЕУ фондови по години и области**

Средствата потрошени од екстерни извори на финансирање (донаторски и ЕУ/ИПА фондови) се во износ од 489.224.949 денари и покажуваат раст од 2018 до 2021 година и тоа: во 2018 година има потрошено најмалку или 9.744.632 денари или 1,99% за активности во Област 1; во 2019 година износ од 15.402.202 денари или 3,15% денари за активности во Област 1 и 3; во 2020 година 62.190.831 денари или 12,71 % за активности во Област 1,3 и 4; во 2021 година потрошено најголем износ 363.765.898 денари или 74,36% денари за активности во Област 1,3 и 4; додека пак, во 2022 година потрошени се 38.121.387 денари или 7,79% што е под нивото од 2020 и 2021 година.

Табела 5: Распределба на потрошени средства од Донаторски и ЕУ (ИПА) фондови во денари

| Област | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Област 1 | 9.744.632 | 12.516.480 | 19.304.543 | 27.162.828 | 33.197.900 | 101.926.383 | 20,83 |
| Област 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Област 3 | 0 | 2.885.722 | 24.993.288 | 111.418.245 | 4.923.487 | 144.220.742 | 29,48 |
| Област 4 | 0 | 0 | 17.893.000 | 225.184.824 | 0 | 243.077.824 | 49,69 |
| **Вкупно** | **9.744.632** | **15.402.202** | **62.190.831** | **363.765.898** | **38.121.387** | **489.224.949** | 100,00 |
| % учество | 1,99 | 3,15 | 12,71 | 74,36 | 7,79 | 100,00 | |




Анализирано по области најмалку се потрошени средства за Приоритетна област 1 во износ од 101.926.383 денари или 20,83%; за Приоритетна област 3 во износ од 144.220.742 денари или 29,48%, за Приоритетна област 4 најголем износ од 243.077.824 денари или 49,69%.

Табела 5а: Распределба на потрошени средства од Донаторски и ЕУ (ИПА) фондови по области




## Вкупно потрошени средства по години и области

Вкупно потрошените средства за имлементација на АП во износ од 1.301.488.789 денари покажуваат раст од 2018 до 2021 година и тоа: во 2018 година најмал износ од 15.443.066 денари или 1,19% за активности во Приоритетна област 1; во 2019 година износ од 92.028.616 денари или 7,07% за активности во Приоритетна област 1, 3 и 4; во 2020 година износ од 317.155.338 денари или 24,37% за активности во Приоритетна област 1,2,3 и 4; во 2021 година најголем износ од 686.732.361 денари или 52,77% за активности во Приоритетна област 1,2,3 и 4. Во 2022 година потрошено 190.129.409 денари или 14,61%, што е на ниво помало од 2020 и 2021 година (во однос на 2020 година помалку за 40,05%; во однос на 2021 година помалку за 72,31%).

Табела 6: Распределба на вкупно потрошени средства — во денари

| Област | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Област 1 | 15.443.066 | 27.508.530 | 223.359.828 | 293.572.299 | 43.911.485 | 603.795.208 | 46,39 |
| Област 2 | - | - | 409.222 | 22.143 | 334.935 | 766.300 | 0,06 |
| Област 3 | - | 2.885.722 | 24.993.288 | 111.430.589 | 4.923.487 | 144.233.086 | 11,08 |
| Област 4 | - | 61.634.364 | 68.393.000 | 281.707.329 | 140.959.502 | 552.694.195 | 42,47 |
| **Вкупно** | **15.443.066** | **92.028.616** | **317.155.338** | **686.732.361** | **190.129.409** | **1.301.488.789** | 100,00 |
| % учество | 1,19 | 7,07 | 24,37 | 52,77 | 14,61 | 100,00 | |




Од вкупно потрошените средства најмногу се потрошени средства за Приоритетна област 1 во износ од 603.795.208 денари или 46,39%; а најмалку за Приоритетна област 2 во износ од 766.300 денари или 0,06%; додека пак, за Приоритетна област 3 се потрошени средства во износ од 144.233.086 денари или 11,08% и за Приоритетна област 4 се потрошени средства во износ од 552.694.195 денари или 42,47%.



## ФИНАНСИСКИОТ ПРЕГЛЕД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА (2018-2022) ЗА 2022 ГОДИНА

Финансискиот извештај е подготвен врз основа на податоците доставени од девет институции и тоа: МИОА, ГС, АЗСПИЈК, ДЗС, МП, МФ, УВМК, ДКСК и СЗ.

### Потрошени средства од буџетот по области

Од Буџетот за 2022 година потрошени се средства во вкупен износ од 152.008.022 денари и тоа: за активности во Приоритетна област 1 во износ од 10.713.585 денари или 7,05%; за активности во Приоритетна област 2 во износ од 334.935 денари или 0,22% и за активности во во Приоритетна област 4 најголем износ од 140.959.502 денари или 92,73%.

Табела 1: Потрошени средства по области од Буџетот

| | | во денари |
|---|---|---|
| **Област** | **2022** | **%** |
| Област 1 | 10.713.585 | 7,05 |
| Област 2 | 334.935 | 0,22 |
| Област 3 | 0 | 0,00 |
| Област 4 | 140.959.502 | 92,73 |
| **Вкупно** | **152.008.022** | 100,00 |




### Потрошени средства од донаторски средства и ЕУ/ИПА фондови по области

Од Донаторски средства и ЕУ/ИПА фондови за 2022 година потрошени се средства во вкупен износ од 38.121.387 денари за Приоритетна област 1 и 3 и тоа: за активности од

Приоритетна област 1 во износ 33.197.900 денари или 87,08% и за активности од Приоритетна област 3 во износ од 4.923.487 денари или 12,92%.

| Табела 2: Потрошени средства по области од донаторски и ЕУ/ИПА | | |
|---|---|---|
| | | во денари |
| **Област** | **2022** | **%** |
| Област 1 | 33.197.900 | 87,08 |
| Област 2 | 0 | 0,00 |
| Област 3 | 4.923.487 | 12,92 |
| Област 4 | 0 | 0,00 |
| **Вкупно** | **38.121.387** | 100,00 |




## Вкупно потрошени средства за 2022 година

Вкупно потрошени средства за имплементација на АП од СРЈА 2018-2022 за 2022 година се 190.129.409 денари и тоа: за активности од Приоритетна област 1 во износ од 43.911.485 денари или 23,10%; за активности од Приоритетна област 2 најмал износ од 334.935 денари или 0,18%; за активности од Приоритетна област 3 во износ од 4.923.487 денари или 2,59% и за активности од Приоритетна област 4 најголем износ од 140.959.502 денари или 74,14%.

| Табела 3: Вкупно потрошени средства по области | | |
|---|---|---|
| | | во денари |
| **Област** | **2022** | **%** |
| Област 1 | 43.911.485 | 23,10 |
| Област 2 | 334.935 | 0,18 |
| Област 3 | 4.923.487 | 2,59 |
| Област 4 | 140.959.502 | 74,14 |
| **Вкупно** | **190.129.409** | **100,00** |




Препораки

1. Подготовка на годишни финансиски извештаи за имплементација на Стратегијата за РЈА;
2. Отварање на посебна програма (К6) од Буџетот на РСМ во водечките институции задолжени за имплементација на Акциски план од Стратегијата за РЈА.

## КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

МИОА нема посебна комуникациска стратегија исклучиво наменета за реформата на јавната администрација, но и во текот на 2022 година континуирано се спроведуваа комуникациски активности за информирање на јавноста и вработените во администрацијата за процесот на реформата на јавната администрација. Со цел зголемување на транспарентноста на работата на извршната власт, а особено во контекст на овозможување соодветно следење на реформата на јавната администрација, МИОА продолжи и во текот на 2022 година да ги објавува и ажурира информациите за процесот на РЈА на **посебниот дел од веб-страницата на министерството наменето за реформата на јавната администрација**[55]. Со воспоставување на оваа посебна секција за РЈА, се овозможува на јавноста на едно место да ги има сите документи поврзани со Стратегијата за РЈА. Имено, достапни се сите полу-годишни и годишни извештаи за спроведување на Акциските планови на СРЈА, како и документи кои произлегуваат од активностите во АП на СРЈА 2018-2022. Исто така, достапни се дневните редови, записниците и заклучоците од состаноците на Секретаријатот за РЈА и Советот за РЈА.

### Комуникација со јавноста

Комуникациските активности за информирање на граѓаните за реформите во јавната администрација и во текот на 2022 година се спроведуваа преку социјалните медиуми, но и преку прес-конференции и јавни настани и дискусии. Сите информации редовно се објавуваа на веб-страницата на МИОА во секцијата **Соопштенија[56].** На посебните профили на МИОА на социјалните мрежи се споделуваат информациите со преку 1000 следбеници.

Во февруари се одржа Конференција за промоција на петтиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 и одбележување на десет години Партнерство за отворена власт во Северна Македонија. Конференцијата беше во организација на МИОА, Фондацијата Отворено општество–Македонија, Центарот за граѓански комуникации и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, кои партнерски го спроведуваат проектот „Поддршка на процесот за спроведување и следење на Националниот акциски план за Партнерство за отворена

[55] Види https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/2103
[56]Види https://mioa.gov.mk/?q=mk/oj

власт 2021-2023". Придобивките кои произлегуваат од концептот на ПОВ (Партнерство за отворена власт се: Отворените финансии и достапноста на информациите за плаќањата на државните институции кон фирми, други институции и физички лица; Граѓанскиот буџет; зголемувањето на рокот за консултација на предлог законите на ЕНЕР; достапноста на повеќе од 300 податочни сетови на порталот за отворени податоци; воспоставувањето на регистарот за вистински сопственици се само дел од постигнатите резултати. [57]



Воспоставување, развивање и зацврстување на билатералната соработка во областа на доверливи електронски услуги и електронска идентификација преку потпишување на Декларација за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија и Министерството за електронско управување на Република Бугарија.[58]

Проектот „Централен регистар за население" на Министерството за информатичко општество и администрација е награден со специјално признание за Back-end Enabler за дигитална трансформација и зголемена приспособливост на натпреварот под мотото „Подобри јавни услуги за подобар живот на граѓаните", организиран од ReSPA заедно со OECD/SIGMA.[59]

Владата на Република Северна Македонија ја усвои информацијата за почеток на подготовка на новиот Национален План за Управување со Квалитет во јавниот сектор 2023-2025. Со воспоставување на одржлив процес на управување со квалитет во јавниот сектор, РСМ се приклучува кон европските трендови за воспоставување на квалитет во работата на јавната администрација и модернизација на јавните услуги. Воведувањето и постигнувањето на норми на извонредност ќе обезбеди поуспешно спроведување на сите тековни реформски иницијативи, особено во процесот на европска интеграција.[60]

---

[57] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3845
[58] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3956
[59]Види https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4269
[60] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4303

Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија, во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор – ДЦАФ (DCAF Geneva Center for Security Sector Governance), во периодот декември 2022 – март 2024 година, за македонската јавна администрација, организира бесплатна онлајн основна обука за административни службеници на тема „Сајбер хигиена“.[61]

Потпишана е меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија, за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата - Дигитална Европа – Digital Europe (DIGITAL), за периодот 2021-2027 година со што Република Северна Македонија од 01.01.2023 година ќе биде земја членка на програмата, а сите граѓански организации, компании и институции ќе може да учествуваат во проектите кои се реализираат преку оваа програма. Програмата за дигитална Европа која е насочена кон зајакнување на дигиталните капацитети ќе обезбеди и стратешко финансирање за да се одговори на ИТ предизвиците.[62]

## Подготовка на Стратегијата за РЈА (2023-2030) со Акциски план

На 54-тата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана во јуни 2022 година, беше усвоена Информација за подготовка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација (2023-2030), на која Владата со заклучок го задолжи МИОА во отворен, транспарентен и консултативен процес со засегнатите страни да ги спроведе сите неопходни активности за навремено започнување и спроведување на процесот за подготовката на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030).

Посветеноста на процесот на реформата на јавната администрација, на политичко и административно ниво, се потврдува преку приоритетите во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2022-2024), но и преку континуитетот во имплементација на мерките и активностите кои беа дефинирани во Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акцискиот план (2018-2022). Напредокот во постигнување на целите на Стратегијата се констатирани во Извештајот на Европската Комисија за Република Северна Македонија за 2021 година и 2022 година, Извештајот

---

[61] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4491

[62] https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4511

од спроведениот мониторинг од страна на СИГМА за 2021 година, Заклучоците[63] на Специјалната група за реформа на јавната администрација од состанокот одржан во 2021 и 2023 година, како и во Извештајот од независната евалуација на спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски план 2018 -2022 година[64].

Подготовката на Стратегија за РЈА (2023-2030) започна со донесување на решението за формирање на работна група на 03 јуни 2022 година во која учествуваа претставници од министерствата и државните институции, како и претставници од граѓанското општество и од меѓународните организации и експерти. Работната група се состои од подгрупи за секоја од приоритетните области. Сите подгрупи континуирано одржуваа состаноци со цел подготовка на текстот на Стратегијата и АП.

Со цел да се обезбеди предвидливост на процесот на подготвувањето на Стратегија за РЈА (2023-2030) за сите засегнати страни МИОА подготви процесен план со временска рамка и план за консултации на засегнатите страни, кој беше дискутиран и усвоен од Секретаријатот за реформа на јавната администрација на седницата одржана на 13 јули 2022 година. Планот е објавен на веб страницата на МИОА. Следствено, на 20 јули 2022 година МИОА организираше настан со засегнатите страни за промовирање и дискусија на процесниот план и временската рамка за подготвување на Стратегијата за РЈА (2023-2030), како и презентирање на Извештајот од спроведената евалуација на Стратегијата за РЈА (2018-2022) од независен експерт со поддршка на РеСПА.

Појдовна основа за да се претстават соодветно развојните правци во реформата на јавната администрација, начинот на работа, координацијата и вложувањата на финансиските средства, при утврдување на структурата на Стратегијата за РЈА (2023-2030) следена е „Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии во Република Северна Македонија“, како и насоките од „Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и меѓусекторските стратегии“ усвоени од Владата[65].

Анализата на состојбата во Стратегијата за РЈА (2023-2030) се базира на:

- полугодишните и годишните извештаи за степенот на реализација на акцискиот план и постигнувањата на планираните цели и резултати на Стратегија за РЈА (2018-2022);

---

[63] Информација достапна на https://www.sep.gov.mk/post/?id=8814#.Y2owtnbMI2x
[64] Достапен на https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/2103
[65] Службен весник на Република Северна Македонија бр. бр.122/22

- Извештајот за евалуација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2022) подготвен од страна на независен експерт ангажиран преку РеСПА;
- Извештајот од спроведениот мониторинг од страна на СИГМА за Република Северна Македонија за 2021 година;
- Релевантните документи кои го оценуваат напредокот на процесот на реформата на јавната администрација, како што се Годишниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година и за 2022 година;
- Заклучоците на Специјалната група за реформа на јавната администрација за 2021 година;
- Извештаи од независните извештаи за следење на реформата на јавната администрација кои ги подготвува граѓанското општество и многу други релевантни документи.

Оваа нацрт Стратегија се темели на: (1) Начело на услогласеност и конзинствентност на политиките; (2) Начело на фискална одржливост на политиките; (3) Начело на усогласеност со политиките на ЕУ; (4) Начело на релевантност и веродостојност; (5) Начело на економичност, ефикасност и ефективност; (6) Начело на транспарентност; (7) Начело на отчетност и ориентација кон резултатите и (8) Начело на одржливост.

Покрај учеството во работните групи, во декември 2022 година засегнатите страни имаа можност да учествуваат на јавната расправа за Нацрт верзијата на Стратегијата за РЈА (2023-2030). Јавната расправа беше организирана од страна на МИОА, а со поддршка на Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА).

Исто така, Нацрт верзијата на Стратегијата за РЈА (2023-2030) со АП, на 9 Февруари 2023 година беше поставена и на ЕНЕР со цел да се информираат засегнатите страни и да имаат можност да дадат коментари и мислење.

Стратегијата за РЈА (2023–2030) опфаќа четири приоритетни области кои се во согласност со Принципите на јавната администрација дефинирани од страна на СИГМА:

Приоритетна област 1: Креирање политики и координација

Приоритетна област 2: Јавна служба и управување со човечките ресури

Приоритетна област 3: Одговорност, отчетност и транспарентност

Приоритетна област 4: Давање услуги и дигитална трансформација